**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Андреј Жерновски, Г'зим Острени, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Каролина Ристова, Иван Стоиљковиќ, Цветанка Иванова, Драган Ѓорѓиев, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Фазли Велиу, Теута Арифи, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели и Ванчо Ѓоргиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да ми соопштат колку пратеници се потпишани.

Интересно, како лесно се создава пракса кога ни одговара. 38 пратеници се потпишани. Значи ќе морам сепак да направам пауза до 11,30 часот.

За лесни работи праксата брзо се воспоставува.

Следната точка е гласањето околу Предлогот за донесување закон за државен пазарен инспекторат.

Пауза до 11,30 часот, а тоа значи дека требаше во 10,00 часот да ги закажувам седниците, па во 10,30 часот да почнеме со работа.

Се гледаме во 11,30 часот и ве молам да имаме кворум за гласање.

По паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници. Тоа значи дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Еве, стигна и 63 пратеник.

**Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон државен пазарен инспекторат.**

Претресот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за Државен пазарен инспекторат.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за Државен пазарен инспекторат, при што ќе ги има во предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 24 - Предлог на закон за стечај.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пред тоа да ги прочитаме амандманите.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 19 став 1 точка 9, член 20 став 4 за менување на точка 4 и на став 5 за менување на алинеја 3, член 21 за додавање нова точка 2-а по точката 2, член 24 став 1 за менување на алинеја 4, член 25 став 1 за менување на алинеја 4, член 31 став 3, член 33 став 4 за менување на втората реченица, член 34 став 1 точка 3, член 260 став 1, член 289 ставови 4 и 8, член 290 став 1 точка 1, член 292 став 1, член 293 став 8, член 296 став 1 точка 3 и на член 357.

Пратеникот Роза Топузова - Каревска поднесе амандмани на член 1, член 22 став 1 точка 9, член 23 ставови 3, 4 и 6, член 30 став 1 точка 5, член 289 став 3 за менување на точките 1 и 2, член 290 став 1 точка 1, за префрлување на ставот 4 од членот 291 во став 4 во членот 290, член 293 став 8, член 319 став 2 и на член 363 ставови 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Патениците Славе Арсовски и Јордан Михајловски поднесоа амандмани на член 22 став 2 за додавање нова точка 9-а по точката 9, член 34 став 1 за додавање нова точка 21-а по точката 21, член 38 за додавање нов став 2-а по ставот 2 и на став 6 и за менување на член 44 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова - Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници се присутни, 48 гласале, 10 за, нема воздржани, 38 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Прашање, по амандманите на Законодавно-правната комисија, главно, се согласил повереникот на Владата.

Дали претставникот на Владата се согласува со сите тие амандмани.

**Саша Андоновски:** Освен амандман 3, сите други амандмани на Законодавно-правната комисија се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Освен амандманот 3.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 точка 9, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 20 став 4 за менување на точка 4 на став 5, за менување на алинеја 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 точка 9, поднесен од пратеникот Роза Топузова - Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.Повелете, господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Амандманот на член 22 став 1 точка 9 од пратеникот Топузова се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 за додавање нова точка 9-а по точката 9, поднесен од пратениците Славе Арсовски и Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

Повелете, господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Господине Арсовски, повелете имате збор.

**Славе Арсовски:** Се извинувам, амандманот 1 во членот 22 став 2, не го чув. За кој амандман се работеше?

**Љупчо Јордановски:** Член 22, став 2 за додавање нова точка 9-а по точката 9.

**Славе Арсовски:** Јас навистина не знам зошто амандманот не се прифаќа, имајќи го искуството и праксата која што се случува и повторно никаде не се одредува еден стечаен управник колку стечаи може едновремено да води.

За жал, ние имаме во моментов одредени стечајни управници да водат не едно, не две, туку 7, 8, 10 или 15 и да се навистина компјутери, успешно таквите стечаи не можат да ги завршат. Единвствена цел, веројатно, во водењето на целокупната таа постапка им е за да остварат соодветни бенефиции. Па, ќе имаме такви стечајни управници кои што водат големи претпријатија од типот на Експорт-Импорт банка, Топилница итн, како што е случајот со Тамбурковски, ќе се случи да се направат соодветни незаконите дејствија. Во таа насока беше амандманот да ги растовариме стечајните управници и да видиме колку можат тие да водат едновремено стечајни постапки.

Ако интенцијата на овој закон е скратување на стечајните постапки, со ваков амандман можеме да дојдеме до некоја цел. Ако остане истото решение ќе имаме такви случаи во иднина, едно лице да води многу стечајни постапки, а ефектот повторно нема да се постигне односно скратувањето на истите стечајни постапки нема да се постигне. Во таа насока беше овој амандман, а понатаму ние викаме дека ќе имаме комора, стечајни управници итн, па затоа треба да има барем некои ограничувања, иако сметам дека и тие претпријатија едно лице или еден стечаен управник ако ги води успешно, мислам дека нема да ги води. Затоа, сметам дека овој амандман треба да се прифати во насока на скратување на самите стечајни постапки и успешно извршување на самите стечаи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Арсовски.

Заменикот министер за економија има реплика на оваа дискусија.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Молам, ако може кратка пауза за овој амандман, заради дополнителни консултации.

**Љупчо Јордановски:** Вие барате кратка пауза? Вие не можете да побарате кратка пауза.

Господине Макрадули, повелете, имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Бидејќи, амандманот е предложен од пратеничката група на СДС преку пратениците Славе Арсовски и Јордан Михајловски, барам пауза од 15 минути за дополнителни консултации.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза од 15 минути предложена од пратеничка група за дополнителни консултации. Продолжуваме во 12,05 часот.

(Седницата продолжи со работа во 12,09 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите да го утврдат бројот на присутните.

(реакција од страна на пратениците дека нема потреба од кворум)

Да, да имате право. Благодарам.

Бидејќи претресот по амандманот не е затворен, нема да пристапиме кон гласање.

Господине Михајловски имате збор.

**Јордан Михајловски:** Се придружувам на мислењето на колегата Арсовски дека навистина со неприфаќање на амандманот во форма или во слична форма ние што го нудиме се доведува во прашање сето она што ни се случува во последно време времетраењето на стечаите и сето она што се става во смисла на знак прашалник на чесноста на самите стечајни управници.

Амандманот не е уперен против стечајните управници, барем за дел од нив имам високо мислење, но нема да ги именувам, меѓутоа, несватливо е како може еден интелектуален и човечки капацитет да се зафаќа со 5,6,7,8 стечаи, како можат нормално да течат стечајни постапки, а со оглед на тоа дека некои стечајни постапки можат да се најдат во Гинисовата книга на рекорди. Целта беше да ја упростиме постапката и Министерството за економија во овој момент да размисли и да го прифати. Не мора да биде во оваа форма амандманот, три стечаи, тоа можеше да се одреди по висината на капиталот. Тука можеби ќе дојдевме до едно поправично решение, мислев дека во паузата токму тоа ќе се дефинира по висината на капиталот да може да се одреди еден стечаен управник со колку стечајни постапки може да се справува.

Очекувам дека овој амандман, ако нема друга форма, колегите ќе го гласаат во форма во каква сме го предложиле, ако нема друг предлог од Министерството за економија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе, ќе бидам мошне кратка, досегашниот Закон за стечај кој имаше многу аномалии, познатиот ланец стечаен судија, стечаен совет, стечаен управник беше пратен со многу контроверзи и постојано исти имиња на стечаен управник се вртеа во многу матни зделки и работи, јас мислам дека амандманот држи и ќе го подржам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** И господинот Анастасовски сега за сега, а еве и Стојаноски се пријавил.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, јас се јавив на подршка која сакам да ја дадам по однос на амандманот на колегите Славе Арсовски и Јордан Михајловски, бидејќи она што успеав да го слушнам од колегата Славе Арсовски кај мене наиде на реакции да се изразам позитивно по однос на овој амандман, бидејќи од друга страна не слушнав аргументи зошто овој амандман не се прифаќа.

Она што го објасни колегата Славе држи, знам дека од друга страна овој закон е усогласен со сите европски директиви и како таков јас лично му дадов подршка, меѓутоа, за жал, не слушнав одредено образложение зошто не треба да се прифати овој амандман, а контра на тоа аргументите кои ги искажа колегата Славе Арсовски, според мене, држат и затоа јас ќе го подржам овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски, јас сметам дека во членот 22 во ставот 2 е доволно наведено дека во друштвото стечаен управник не може да биде именувано за стечаен управник кој било од неговите вработени кои учествуваат во водењето на стечајната постапка кое ги исполнува условите од став 1 од овој член. Тоа е ставот 3.

Ставот 2 се предлага за стечаен управник да не може да се именува управник кој до тој момент веќе води стечајна постапка во најмалку три претпријатија. Што е смислата на овој амандман, а што е смислата на решението кое го предлага Владата? Овде се прави ограничување во три претпријатија. Немате критериуми. Има претпријатија кои одат во стечај кај кои се води претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, имате претпријатија кај кои стечајната постапка се одолговлекува и по повеќе години од објективни причини. Пример, спор за недвижност. Се води судски спор за докажување на сопственост на претпријатието кое е во стечај и до решавањето на тој спор не може да се впаричи имотот на стечајниот должник. Бидејќи не може да се впаричи таа стечајна постапка може да трае две и три години зависно од судската постапка која се води. Во тој случај можно е три вакви спора да го блокираат работењето на стечајниот управник, а сите знаеме дека со овој закон се гледа за да може еден стечаен управник да биде стечаен управник треба да исполнува многу услови, а од друга страна не смее да врши ни една друга дејност. Значи, на овој начин како што се предлага со амандманот фактички се ограничува можноста за водење на стечајни постапки. Јас се согласувам да има некакво ограничување во однос на истовремено водење на стечајни постапки, меѓутоа, мора да се утврдат критериуми за сложеноста на стечајната постапка дали имаме основи кои ќе упатат дека стечајниот должник треба да продолжи со својата деловна активност, па не може еден стечаен управник да раководи со деловната активност на стечајниот должник, а истовремено да води уште две други стечајни

постапки каде исто така тие стечајни должници продолжуваат со деловна активност.

Затоа сметам дека вака како што е предложен амандманот не може да биде применлив, туку ако веќе се врши ограничување, тоа ограничување да биде поврзано со деловната активност на стечајниот должник. Затоа што ако има деловна активност е една ситуација, ако треба само да се продаде имотот од стечајниот должник, тогаш нема потреба да има вакво ограничување, на крајот на краиштата во прашање е интересот на доверителите. Тие се во одборот на доверители, тие го насочуваат водењето на стечајната постапка и на тој начин нема потреба со закон да се ограничува можноста на стечајниот управник да води стечајни постапки. Тоа, ако е преангажиран на друго место го согледуваат самите доверители и на тој начин поднесуваат предлог за разрешување на стечајниот управник и именување на нов стечаен управник.

Значи, тоа е во рамките на процедурата која се води во текот на стечајната постапка. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, би сакала да го изнесам своето мислење околу овој амандман, за жал, многу спротивно од многу говорници кои дадоа подршка, јас само да кажам дека не се согласувам овој амандман да се прифати од причина што, ако следствено се разгледаат членовите 19, 20, 21 и 22, а овој амандман се предлага токму на 22 со кој се проширува листата на кој не може да биде именуван за стечаен управник, бидејќи во членот 22 се обработува кој не може да биде стечаен управник и сега од таа долга листа која ја предвидува законот кој се не може да биде стечаен управник и едно вакво ограничување би било непотребно дури и пречка од причини што имаме ограничувања и во членот 21 кој не може да добие лиценца за стечаен управник и основно е што во членот 19 именувањето и разрешувањето на стечајниот управник во ингеренции е дадено на стечајниот судија. Тој ќе цени дали стечајниот управник може да води во две, во три или во повеќе и според природата на работата и според степенот и фазата на стечајната постапка ќе одлучи надлежно дали едно лице ќе може да води и друг стечај од тековниот. Вакво ограничување навистина не гледам оправдување да се внесе во законската материја бидејќи и во овие членови кои ги набројав многу јасно и прецизно законодавецот дава кој може да добие лиценца за стечаен, кој не може да биде стечаен управник итн. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи немаме пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците.)

Тројца ни фалат. Сега имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, гласале 60, од кои 49 за, 2 воздржани, 9 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот и станува составен дел од текстото на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 ставови 3, 4 и 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија Саша Андоновски.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 за менување на алинеа 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Како што напомнав сите овие амандмани од Законодавно-правната комисија се согласил повереникот на Владата, но сепак ќе го прашам претставникот да се произнесе по овој амандман.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 за менување на алинеа 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 точка 5, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен истанува состевен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Повелете господине Андоновски како претставник на Владата изјаснете се.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 4 за менување на втората реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Дали имаме некои понатамошни недоразбирања по Законодавно-правната комисија ?

**Саша Андоновски:** Не. Сите се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот на член 34 став 1 точка 3 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1за додавање нова точка 21 а, по точката 21 поднесен од пратениците Славе Арсоски и Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа бидејќи решенијата во предложениот амандман се содржани и прецизно одредени во други членови од Законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Дали некој бара збор.

**Славе Арсоски**: Јас сметам дека амандманот треба да биде прифатен. Една од обврските, или правата на стечајните управници токму треба да биде имајќи ја и отсликувајќи ја состојбата во самото претпријатие кое е во стечај да предлага план за реорганизација на самото претпријатие. За жал, во пракса досега секогаш стечајните управници бидејќи најисплатливо им беше претпријатијата да ги носат во стечај и ликвидација, имајќи ги во предвид и наградите што ги земаат. Мислам дека ништо не фали по должностите на стечајните управници да бидат една од тие. Незнам што би сметало една од должностите да биде да предлага план, да даде предлог за реорганизацијата на претпријатието кое е во стечај. Незнам што би фалело во тие должности да постои и една таква должност, да биде и обврска. И, најдобро е секогаш претпријатијата кои што се во стечај ако имаат и најмала шанса истите да не одат во ликвидација, туку истите да можат да се реорганизираат односно повторно да се рестартираат, бидејќи би имале полза не само вработените во самите претпријатија за стечај, туку и останатите доверители кои се јавуваат во тој процес. И, затоа ништо не менува тука да биде една од должностите на стечајниот управник да предлага план за реорганизација на претпријатието во стечај, како точка што ја предлагам да стане 23.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 60 гласале, 22 за амандманот, 9 воздржани 29 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став 2 а, по ставот 2, и на став 6 , поднесен од пратениците Славе Арсоски и Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа и тоа ставот 2 не се прифаќа бидејќи во одборот на доверители можат да бидат избрани само доверители, а доколку вработените немаат побарувања, нема ни основ за нивно застапување во одборот на доверители.

Ставот 6 не се прифаќа, бидејќи е единствена можност за заштита на правата на доверителите со мали побарувања. Бидејќи во одборот на доверители секој член без оглед на висината на побарувањата има еден глас, оневозможено е доверител со над 51% од вкупните побарувања да ги остварува исклучиво своите интереси на штета на доверителите со мали побарувања.

Од овие причини не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Дали некој бара збор.

**Славе Арсоски:** Благодарам.

Јас нормално го мислам спротивното. Не знам некое претпријатие кое што оди во стечај, а да нема вработени. А, секогаш викаме дека најоштетени се стечајните работници. Таквото образложение мислам не држи. И бидејќи најоштетени се стечајните работници, нелогично е едно претпријатие да оди во стечај, а да нема преставници од вработените, како претпријатие што оди во стечај. Тоа е едната работа по ставот 2.

Второ, во донесувањето на одлуките ако е интенција како што истакнав на скратување на стечајните постапки, сигурен сум, а и досега во праксата дека и одлуките што ги донесува одборот на доверители со просто мнозинство многу тешко се донесуваа, не со двотретинско мнозинство и за тоа можеме да дојдеме до состојби оддолговлекување на самите одлуки што треба да ги донесе одборот на доверители, а со тоа аналогно и оддолговлекување на самите стечајни постапки. Во тој правец е вториот став одлуките да се донесуваат со просто мнозинство за поефикасно одвивање на самите стечајни постапки.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Јас овде се согласувам со предложеното решение од страна на Владата, затоа што не можете вработените да ги издвојувате од сите други доверители, затоа што ако тоа го направите во суштина треба да ги измените начелата на овој закон во кој што сите доверители имаат еднакви права за намирување на своите побарувања и еднакво учество во

спроведувањето на стечајната постапка во увидот и текот на самата стечајна постапка. За тоа сметам дека во точката 2 од членот 38 многу добро е наведено кои се доверители мора да бидат членови на одборот на доверители, затоа што претставници на различни доверители мора да има потоа стечајните доверители со најголеми побарувања и стечајните доверители со мали побарувања. Значи, на овој начин се обезбедува застапеност на сите доверители зависно од износот на нивните побарувања, или од начинот на обезбедувањето на нивните побарувања. Исто така, во оваа точка 2 е наведено дека во одборот на доверители Република Македонија ја застапува јавниот правобранител на Република Македонија ако државата има побарување. Овде секако дека треба да се подразбира што е тоа, дали се работи само за побарување од страна на министерствата, или од побарувања на разлилчни фондови и други државни органи, агенции итн., затоа што треба да биде прецизирано во кои случаи јавниот правобранител ќе ги застапува интересите на државата Република Македонија, а не вака општо, па можно е да доаѓа до судир во однос на различни толкувања, во однос на примената на овој закон. За тоа сметам дека предложенинот амандман не треба да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 патеника.

Амандманот го ставам на гласање и ве повкувам да гласаме.

51 гласале, 9 за, 2 воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 44 поднесен од пратениците Славе Арсоски и Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** И овој амандманот не се прифаќа од причини што не може да го ограничиме наградувањето на одборот на доверители само на реално направените трошоци во делот на превозот, бидејќи често пати ќе се блокира работата за решавање на овие спорови, затоа што најчесто состаноците на одборите на доверители се надвор од работно време, или во неработни денови, во попладневни часови, а судијата е тој кој што ќе го определи реално вложениот труд по претставник во одборот на доверители и надоместок кој што тој ќе го прими. Затоа амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Дали некој бара збор.

**Славе Арсоски:** Во овој дел можеби, тоа во заграда што е во превоз држи, членовите на одборот на доверители да им се исплатат реално направените трошоци. Јас практично ќе кажам што се случува и верувам дека можеби и во иднина ќе се случува. Самиот одбор на доверители, се разбира во согласност со стечајниот судија во моментот како е, си припишуват соодветни паушали месечни, тоа го знаат сите кои што се движат можеби десет илјади и повеќе и свесно тие си го одолговлекуваат самиот процес, бидејќи си земаат соодветни надоместоци. И затоа во правец на скратување на донесувањето на одлуки, а во целост на скратување на целокупната стечајна постапка нема потреба што одборот на доврители да добива награди, паушали итн. Тие треба да си добиваат надомест за направените реални трошоци, превоз, дневници и толку. Да не оставиме можност во иднина истово да ни се повторува и одборот на доверители како орган во стечајната постапка да ја злоупотребува својата функција од аспект на добивање на соодветни надоместоци по овој основ. Може во одборот на доверители да има доверители кои што се незначителни нивните побарувања па не се многу заинтересирани да заврши тој процес. Во тој контекст го предлагам овој амандман, да немаат право на награди. Какви награди? Сега тие награди треба да бидат од стечајната маса, награди за стечајниот управник, награди за стечајниот судија, награди за одборот на доверители. Во тој правец значи да се има надоемст на реално направените трошоци, а не да се дава можност да си добиваат соодветни награди итн. Затоа предлагам овој амандман да се прифати во контгекст на ова претходново што го кажав.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

55 пратеници гласале, 22 за, 3 воздржани 30 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман на член 260 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 289 став 3 за менување на точките 1 и 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Амандман на член 289 ставови 4 и 8 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 290 став 1 точка 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова - Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа од причини што веќе истоветен амандман е прифатен од Законодавно-правната комисија и е станат составен дел на Законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

**Роза Топузова - Каревска:** Како што кажа претставникот на Владата дека веќе имаме ваков амандман кој што е прифатен. Затоа јас го повлекувам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Амандман на член 290 став 1 точка 1 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за префрлување на ставот 4 од членот 291 во став 4 на членот 290, поднесен од пртеникот Роза Топузовска - Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа .

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Амандман на член 292 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Пратеникот Роза Топузова - Каревска, поднесе амандман на член 293 став 8, Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 293 став 8 кој е идентичен со амандманот на пратеникот Роза Топузова Каревска.

По овие амандмани ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 293 став 8 поднесен од пратеникот Розаз Топузова Каревска и по амандманот на член 293 став 8 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Но, бидејќи рековме дека сите амандмани од Законодавно-правната комисија се прифатени и овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Амандман на член 296 став 1 точка 3 поднесен од Законодавно-правната комисија станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 319 став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Амандман на член 357 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 363 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе,

Јас се јавувам процедурално во името на пратеничката група на ВМРО Народна партија барам еден час пауза, затоа што почитуван претседателе ние во договор со вас бевме договорени на некој начин денеска да продолжи 120-та седница, односно оние закони за енергетика и нашиот закон за трансформација на Електростопанство. И пратеничката група беше спремна тоа денеска да го расправа. Јас ја користам оваа Деловничка одредба од еден час пауза да ве замолам по завршувањето на оваа седница да продолжи 120-та седница. А овој еден час пауза ни е потребен да направиме консултација и евентуално да се подготвиме по расправа на текстот за законот за стечај кој што сепак е сериозен закон и имаме намера да расправаме и по него.

**Љупчо Јордановски:** Точно е дека имавме договор. Но, и со други пратенички групи се прават договори, така што одлучивме, сепак денеска оваа седница да ја продолжиме, а таа седница ќе биде на следното продолжение.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15.02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Господине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги,

Еден од клучните закони кој што повеќе време се очекуваше од Република Македонија, што направи големи социјални тензии,што години station наназад останаа нерешени проблеми, мислам дека како Предлог на закон и она што го нуди може да постигне одредени цели во однос на брзината на решавањето на случаите, затоа што ова што моментално се случува, постапки кој што се водат повеќе од 6 години, еве некои можеби и 10 години, побарувања на вработените од негде четири годишни плати, некои и повеќе, мислам дека се случува еден хаос, кој што не знам дали ќе можеме воопшто да го решиме со овој закон, не знам дали тоа ќе важи ретроактивно за она што се случило претходно и ќе најдеме некое решение. Но во секој случај таа ситуација е крајно

критична. Масата на луѓе кои останаа необештетени со претходниот закон за стечај и начинот на кој што се извршуваше, мислам дека не донесе многу во поправањето на вкупната ситуација и нивната ситуација во одредени претпријатија, затоа што е крајно несериозно некој да каже да добие судска одлука од стечајниот судија, или од стечајниот совет дека ја нема книгата на акционери и поради тоа процесот се прекинува.

Не знам јас како може тоа да се случи, за што говориме во основа, апсолутно неприфатлива работа, но еве и тоа е составен дел на ова наше живеење, на овие наши закони и затоа кога ќе носиме закони, мислам дека треба да дојдеме во една ситуација да дефинираме точно кој за што е одговорен, и одговорноста да биде лоцирана на право место. Јас го поздравувам тоа што ќе имаме ситуации во кои што ќе треба да се решава ситуацијата многу брзо, одговорите од судиите, од стечајниот совет и се да функционира во насока за обештетување на оние кои се акционери. Но од друга страна, мислам на Комисијата господинот Љубисав Иванов кажа една добра работа, дали се треба да оди само за стечај или ќе гледаме нешто од она што треба да биде стечај, да почне да работи и да почне и да функционира. Затоа што стечајот и продажбата можеби е наједностана работа и кај нас сето тоа се случувало во овие години.

Пошто се работи за втора фаза, јас изнесов некои забелешки на комисиската расправа. Не поднесов амандмани, очекував дека Владата ќе може да интервенира со свои амандмани. Еве, уште еднаш денеска ќе предложам пред вас, се надевам дека она што, можеби, ненамерно е пропуштено, но останува составен дел на законот, апсолутно дека ќе мораме да најдеме начин да го исправиме, за да не помине законот вака погрешно или двостепено значење или различно толкување на определени членови и очекував дека тоа ќе го поправите. Но, оваа верзија што ја имам е сигурна онаа што ја разгледувавме на Комисијата, па затоа би почнал само по текстот на законот и по одредени членови.

Членот 19, став 2, тука се кажува за стечајниот судија дека може по службена должност, согласно став 1 точка 7 од овој член, по приговор или по предлог на другите органи на стечајната постапка а по прибавеното мислење на одборот на доверители да ги менува одлуките на стечајниот упрвник, ако утврди дека се спротивни на закон. И, во повеќе такви членови, стечајниот судија може да ја контролира работата, тој е тој што ќе дефинира, но стечајниот управник, ги имаме сите консеквенции што може да ги поднесе за својата работа, но за стечајниот судија таква ситуација немаме. Мислам дека одиме во ситуација кога многу работи зависат од стечајниот судија, многу постапки завршуваат кај него или отпочнуваат или не продолжуваат, токму кај стечајниот судија, таква одговорност апсолутно нема. Затоа што стечајниот судија може да го контролира стечајниот управник, може да побара во секој момент од него ситуација дали тој работи, како работи, што работи. И, сега, стечајниот управник е должен сето тоа да го спроведе. Стечајниот судија е должен сето тоа да го надгледува. На крајот, одговорноста е кај стечајниот управник, а стечајниот судија нема апсолутно никаква одговорност.

Мислам дека тука треба да ги разграничите работите и да се најде начин како и што да се направи.

Понатаму, членот 20, став 4, алинеја 2:"Лиценца за вршење на работа на стечаен управник може да добие физичко лице, трговец поединец ако ги исполнува следните услови: да има висока стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство од областа на трговската дејност". Тоа ќе беше во ред, доколку во членот 23, став 5 каде што имаме уверенија за овластен стечаен управник, не стои дека "Право да полага испит за овластен стечаен управник има лиценца доколку има висока стручна подготовка од областа на правото, економијата и бизнис администрацијата и најмалку 5 години работно искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето или да има висока стручна подготовка и најмалку 10 години континуирано работно искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето".

И ова истото, во членот 24 став 1, алинеја 2 "Доказ за најмалку издавање лиценца на физичко лице", тоа е доказ за најмалку издавање на лиценца на физичко лице.Доказ за најмалку пет години работно искуство во областа на трговската дејност по дипломирањето или да има најмалку десет години континуирано работно искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето.

Значи, имаме две ситуации за иста работа. Или, во членот 20, став 4, алинеја 2 ќе стои и ова дополнително да има континуирано работно искуство во областа на трговските дејности десет години по дипломирањето или пак тука треба да го исклучите, во членот 23 и во членот 24. Аполутно да не функционира. Доведуваме до заблуда, за иста работа издаваме две други ситуации што мислам дека не е во ред и дека треба да се поправи.

Понатаму, кој не може да добие лиценца за стечаен управни. Тоа е ставот 6. Кој било член на орган на управување или управител во трговско друштво чија што сметка била блокирана и не постапил согласно член 51, став 9 од овој закон.

Јас сега не знам дали постои едно друштво каде што сметката до сега некому не била блокирана. По тоа имаме големи ограничувања и мислам дека апсолутно не е некој фактор дека сметката била блокирана и некој да не може да добие лиценца за стечаен управник. Мислам дека ставот 6 на членот 21 треба да се брише.

Понатаму, членот 22, кој не може да биде именуван за стечаен управник, имаме став 1, алинеја 1 и сега наведуваат роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен колено, родниина по

сватовство до втор степен или брачен другар на стечајниот судија и членови на стечајниот совет. Според оваа логика, до четврто колего во Македонија не знам колку од луѓето, до кој процент се реднини на овој начин и, бидејќи се работи за стечаен управник кој треба да биде контролиран од стечаен судција, да ја работи својата работа транспарентно, за тоа одговара со имот, со средства, со гаранции, обезбедување. Мислам дека вакви ограничувања до четврти степен, до ова, до она, апсолутно не е проблемот во тоа. Туку, гледаме дека стечајните управници имаат друг проблем. Имаат проблем со тоа што имаат корупција. Со тоа што се плаќа, а не дали бил роднина до втор степен и до четврто колено. Тоа, во овој момент апсолутно не е битно. Битни се парите и тие играат улога во сета оваа ситуација. Тука е она што треба да го елиминираме. Ние можеме да елиминираме по роднинска основа било кого, но парите и понатаму ќе функционираат и ќе бидат составен дел на добивање или губење на лиценца. Мислам дека во таа насока нема кој што не знае што и како се случува. Тука треба да бидеме сите поодговорни.

Понатаму, издавање на лиценца на друштво и стечане управник. Во став 1, алинеја 2, доказ за вработен дипломиран правник и дипломиран економист, вие самите во претходниот член говорите за бизнис администрација и јас апсолутно ќе се согласам со тоа, а тука ја немате наведено, значи доказ за вработен дипломиран правник и дипломиран економист и мора да се надополни со тоа што значи бизнис сектори или бизнис администрација да ја крстиме. Затоа што образованието во Република Македонија и секаде во светот доживува една нова алтернатива. Тоа е менаџментот, тоа е она што ова старотот, познато по право, по економија, мислам дека добива многу други насоки и смерници, со луѓе кои ќе можат и ќе работат во овој бизнис сектор, ќе придонесат и како стечајни управници и во работата на стечајниот управник. Не можеме да ја исклучиме таа бизнис администрација, затоа што од тие двајца вработени, можеби и двајцата бизнисмени ќе биде и подобро од менаџмент или некој кој веќе го работел тоа некаде и го знае, многу побрзо ќе се снајде и ќе има поголема корист стечајниот управник.

Другото прашање за лиценцата, лиценцата е со времетрање од две години. И тогаш и сега прашувам, тоа е ставот 5, што ќе се случи за време од две години за да некој добие лиценца само со рок на траење од две години? Тој треба да оснива друштво да вработи луѓе, на крајот на годината треба да обезбеди, како што кажувате, десет илјади или сто илјади или максимални петсто илјади евра и после две години, како што понатаму пишува, ако не положи двапати, ја губи таа лиценца и едноставно останува на улица. Ако два пати не го потврди сето тоа тој останува на улица и тука, апсолутно, за него завршува приказната, за овие вработени што ќе се обиде да ги плаќа и да работи со нив. Мислам дека оваа ситуација со лиценца за две години за мене е неприфатлива. Може да има некои дообуки и проверките би требале да бидат на пет години или не знам како, може да се провери нешто што поминало и за кое што работеле повеќе луѓе, но во секој случај останува една дилема и кај мене и воопшто кај граѓаните, дали оваа лиценца со времетраење од две години, не претставува ограничување? За мене да.

Членот 29, веќе говори за обновување на лиценцата за стечаен управник, за ова што пред малку говорев, но ставот 1 "Стечајниот управник, вклучувајќи го и овластениот стечаен управник, вработен во друштвото, секоја втора година има обврска да го посетува курсот за стручно усовршување. Стечајните управници кои го поссетувале курсот за стручно усовршување и го положиле тестот за дополнително знаење имаат право да ја обноват лиценцата и да го обноват својот упис во регистарот на стечајните управници кој се води во Комората на стечајните управници. Курсот го организира Комората на стечајните управници, во соработка со Министерството за економија".

И, ставот 2 кажува "Стечајниот управник од став 1 на овој член кој нема и после два пати да го положи тестот за дополнително знаење во рок од шест месеци по истекот на рокот од став 1 на овој член ја губи лиценцата".

Прашањето е директно, дали со донесувањето на овој закон се обидуваме да регулираме една материја што години наназад не е регулирана и носи многу проблеми и дали тенденцијата на Министерството што го предлага овој закон ќе не носи нон стоп да носиме нешто ново и тие управници да бидат принудени на секои две години да одат на курс, да бидат обучувани, полагаат и нон стоп таа процедура да се повторува. Мислам дека е апсолутно некоректно и дека начинот на кој што тоа се предлага, барем за мене е неприфатлив.

На крајот, ставот 4 од сето ова, кажува "Стечајниот управник кој ја изгубил лиценцата и кому му е одземена, согласно со овој член, не може повторно да го полага испитот ниту да се стекне со лиценца за овластен стечаен управник наредните пет години од денот на приемот на решението за одземање на уверението за овластен стечаен управник". Тука приказната завршува. Наредните пет години тој станува еден од овие стечајни работници кои ќе ги бараат своите права.

Членот 35, став 2, за стечајниот судија "Контрола на работата на стечајниот управник", ставот 2 "Стечајниот судија може во секое време да побара од стечајниот управник дополнителни информации или посебен извештај за текот на стечајната постапка и за состојбата и управувањето со стечајната маса". Тука, апсолутно, понатаму стечајниот судија е тој кој заедно со стечајниот управник ќе биде одговорен за сите процеси во оние кои го обавуваат стечајот.

Но, тука, понатаму, како што стои, целата одговорност се префрла на стечајниот управник. И, она што кај многу од граѓаните станува прашање, членот 36, ставот 4.

Велиме дека "Стечајниот управник нема право на жалба против решението со кое се разрешува". Сега не знам, дали се ова некоја друга категорија на граѓани, на кои им е одземено било какво право на жалба, затоа што и тој судија, сигурно како и стечајниот управник и како сите останати, може да погрешат во тој процес и сега тука, едноставно, последниот збор го дава судијата и со тоа процесот е завршен. За мене, мислам дека не е во ред и дека правото на жалба апсолутно никому не можеме да му го одземеме.

Нешто што во последно време се крена врева е тоа што, еве и тука се наоѓа начин како да се регулира наградувањето и надоместувањето на трошоците на стечајниот управник.

Јас имав директни прашања од стечајните работници и тука се јавува една конфузија. Мислам дека и со ова што го понудивте како решение во овој закон, не ги решава работите. Ќе побарам појаснување, мислам дека ќе ми одговорите на оваа моја дилема, затоа што стои "за наградување и надоместување на трошоците на стечајниот управнии", став 2.

"Министерот за економија со акт ги пропишува наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина". Тоа е ставот 2.

Ставот 5 кажува: "Висината на наградата, во времето на заклучувањето на стечајната постапка ја определува стечајниот судија со решение, согласно нормативите и стандардите, утврден со пропис од став 2 и став 4 на овој член, по претходно одобрение на Одборот на доверителите".

Ставот 4, за информирање на граѓаните вели:

"Висината на наградата на стечајниот управник се утврдува споед висината на паричната вредност на намирувањето на побарувањето на стечајните доверители, процентот на мирувањето на стечајните доверители, сложноста на стечајната потапка односно големината на стечајната маса, времетраењето на стечајната постапка, начинот на спроведување на стечајната постапка, односно дали се врши впаричување на имотот или се спроведува план за реорганизација, успешноста од спроведување на планот на организација". Ова се сите чинители што ќе ја определат вредноста што треба да ја добие стечајниот управник.

Тука се поставува прашањето, бидејќи во јавноста излегоа некои бројки од некаде 300-400 илјади евра, до некои 2.000-3.000 евра. Сега, кај стечајните работници, едонставно се поставува дилемата, доколку постои таква ситауција, да бидат чисти работите, затоа што стечајните работници имаат побарување во маса, некаде 4.000.000, сите се обештетени, само за стечајните работници нема средства и сега ваква ситуација, каде стечајниот управник во старт ќе биде награден за нешто што ќе го направи и сега не знам што е поважно. Дали тој да направи план за реорганизација или да впаричи? Сигурно, за него, според критериумите што треба да ги донесете и да бидат експлицитно наведени, да се знае што е предност, што е работа, дали предност за мене ќе биде ако тој обезбеди работа за 50, за 100 вработени отколку тоа да го продаде и да им даде таму по три плати, како што е сега по новиот закон и со тоа да заврши стечајната постапка.

Мислам дека тука ќе имаме проблем во старт, затоа што апсолутно, не се дефинирани работите и оние подзаконски акти кои многу често говориме дека ќе бидат за 6 месеци, за 3 месеци, се случува и по 2 години да не бидат донесени и тука можеби е најголемиот проблем.

Уште една работа, членот 361, испит на стечајните управници во преодниот период. Значи, стечајните управници кои имаат уверение за овластен стечаен управник имаат право да стекнат лиценци според овој закон во рок од 6 месеци од денот на објавувањето на актите определени во членот 362, ако посетувале курс за овластени стечајни управници, според порграма донесена од министерот за економија, во која е опфатена содржината на одредбите од овој закон, етичкиот кодекс за стечајните управници и професионалните стандарди и ако положат испит за овластен стечаен управник според одредбите на овој закон.

Сега, со овој закон и со овој член, вие укинувате еден Закон постоечки, што е подобар за оваа категорија на граѓани. Тука сега се јавува проблем зошто е тоа така и дали може ова да се направи, дали ова нема да падне на Уставен суд. Затоа што на овој начин тој еднаш веќе стекнал право на ова што го има. Вие сега после 6 месеци ќе го натерате повторно да оди на курс, за нешто што добил уверение за нешто што е важечко во моментот.

Дали е тоа така, дали имате нешто друго во план со овој член, мислам дека апсолутно, не е во ред и во однос на вкупната постапка, сега е втора фаза, завршна фаза, затоа се задржав по конкретни забелешки по одредени членови. Оставам на вас да размислите дали овие грешки што се предвидливи можат да се поправат со ваша амандманска интервенција во текстот на Закнот до крајот на расправата и дали воопшто за некои од моите дилеми ќе може да ми одговорите. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

**Славе Арсовски:** Благодарам потпретседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Дефакто, мора сите да се согласиме, носиме еден специфичен закон, кој задира во правата на работниците. Дефакто, сите ќе се согласите ова е топ тема моментално во Република Македонија,

а тоа се стечајните работници, дали тие биле производ на минатиот закон за стечај, или сплет на други околности, друго е прашањето. Но, факт е дека со овој закон треба да решаваме една проблематика која што во иднина може да биде предмет, се разбира, на сите работници во Република Македонија. Добро е што се носи во две фази. Сметам дека дел од забелешките што беа истакнати во првата фаза, како на комисиите, така и на Парламентот, се прифатени и сметам дека ако не друго, имаме еден добар текст на закон, пред се, во насока на брзината на одвивањето на стечајните постапки, да не ни се случува она што ни се случуваше досега до недоглед водење на стечаи во претпријатијата, кои како резултат на грбот го поднесуваа сите работници во истите претпријатија. Затоа сметам дека без оглед што на денешната седница во амандманската расправа, дел од амандманите беа прифатени, дел не беа прифатени, што не значи дека самиот закон како таков што е предложен не е добар, туку сметам дека како концепт е добар. Од една страна внимаваме на приликите и состојбите што се во Република Македонија и од друга страна се разбира, направен врз база на оние закони кои што владеат во земјите на Европската Унија, како што и ние како држава се стремиме да пристапиме.

Јас повторно би се осврнал на неколку одредби во насока на дел од позитивните прописи, односно одредби во самиот закон кои што се третирани и камо среќа истите да се имплементираат, онака како што се предвидени, а верувам, треба да се имплементираат се во насока на разрешување на оваа проблематика.

Ќе почнам од членот 5. Дефинитивно, добро е што се предвидува кога се отвораат условите за покренување на стечајна постапка. Кажано е децидно во кој период, колку треба да биде блокирано некое претпријатие на неговата сметка што ја има во банката и на тој нач!ин да можат да се создадат услови за покренување на самата стечајна постапка, бидејќи треба да знаеме сите што повеќе се одолговлечува самиот процес на покренување на стечајна постапка во едно претпријатие, тоа може да има директно или индиректно влијание врз состојбата на друго претпријатие со кое што се јавува како доверител на ова претпријатие кое што треба да оди во стечај.

Во таа насока, мора да истакнеме дека самиот закон за стечај, не би бил применлив ако нема и други законски решенија кои што ја регулираат проблематиката сврзана со оваа иста проблематика.

Донесувањето на законот за парнична постапка многу ќе придонесе во брзината на одвивањето на самите стечајни постапки. Навистина , тој закон идеално го регулира ова прашање во делот на самата парнична постапка, па да не ни се случи тие парници да траат до недоглед, а сето тоа да има дејство врз одвивањето на самата стечајна постапка. Со самиот закон парнична постапка во членот 9 е предвидено за сите оние акти за процеси, како треба да се изврши и во кој рок, а не да се чека, како што беше во стариот Закон, за да не може да се одвива самата постапка. Тука, во членот 11 овие се новини, многу битни новини, кои што ќе придонесат навистина, за брзо одвивање на стечајните постапки, а тоа значи како што вели, одлуките во стечајната постапка се донесуваат во форма на решение и заклучок и се знае, жалбите и на решението колку можат да бидат. Се знае, три дена за заклучокот, 8 дена за самото решение. Нема одолговлечување во таа насока и фактички, губење на тој временски период. Се разбира, се би било на штета на успешно одвивање на оваа постапка.

Во членот 12 е за поздравување што се истакнува во ставот 5 дека против решенијата на стечајниот Совет и новина ќе кажам дека е добро што стечајниот Совет не веќе орган во стечајната постапка, изземен е, дека против тие решенија, апелационите судови, мораат во рок од 1 месец да одлучат за самите решенија. Значи, тука е брзината. Ние имаме случаи, токму во судовите ќе заглавеше целокупната процедура. Јас за жал, колегата Јордан Михајловски имаше поставено и пратеничко прашање, токму за еден процес, за една стечајна постапка, каде Основниот суд Скопје 2 и после 10 години не се изјаснува за еден предмет и самата стечајна постапка не е завршена. Значи, овој дел навистина брзо ќе се извршува. Стечајниот Совет не е веќе орган на стечајната постапка.

Значи органи во стечајната постапка остануваат стечајниот судија, стечајниот управник, Одборот на доверители и Собранието на доверители. Јас мислам дека тоа се клучни органи. Како една стечајна постапка успешно ќе се заврши и од аспект на временското траење од една страна, и од аспект успешно целокупниот тој процес да се заврши. Значи, стечајниот судија, дадени се сите надлежности, како што се надлежностите за стечајниот управник. Јас благодарам пред се, на колегите пратеници што го прифатија мојот амандман во делот кој неможе да биде именуван за стечаен управник. Без разлика што претставниците од Владата не се согласуваа, мислам, аргументите што не ги изнесоа, сметам дека со одредбата на одредување колку еден стечаен управник колку стечаи може да води. Да не ни се случи, како што се случуваше досега, а сите го знаеме тоа, да не ни се случи, да речеме си ја земам одговорноста врз тебе, стечајната управничка од Штип да води 10-тина стечаи и башка од тоа и во Скопје. Се разбира, досега доста бениефиција остваруваа , па ќе дојдат и до каде оние дела што ги направија, или некој друг да ги води таквите претпријатија, од таков тип, каков што е Експорт-Импорт банката, Топилницата-Велес, претпоставете и претходно истакнав едно лице да биде толку надарено, толку способно, да води толку стечаи, не можат да бидат успешни. Такви лица можат да бидат само, сите бенефиции да ги остварат и на тој начин да водат што повеќе претпријатија и тука, не да окривувам, можеби постоеше некоја врска,

стечајни управници, стечајни судии итн, таа врска за остварување на соодветни бенефиции. Затоа, нема да се лутат претставниците од Владата што таков амандман донесовме за ограничување на владеењето на стечаите, колку еден стечаен управник, може да води стечајни постапки. Ограничувањето е максимум до три. Нека има конкуренција и во тој дел, без разлика што се сака таа професионализација да се постигне и затоа мимслам во делот што неможе да биде именуван стечаен управник дека тој амандман како таков што е предвиден во самиот закон. Стечајните управници како орган во стечајната постапка покрај Одборот на доверители и стечајниот судија, Собранието на доверителите, тоа е таа алка како ќе се одвиваат овие постапки, кои последици би произлегле од неуспешната постапка. Тука се надоврзувам на членот 28, осигурување од одговорност на штета. Новина е како таква и се кажува дека стечаен управник поединец, осигурувањето од одговорност за штета треба да биде до 25.000 евра, или друштво со ограничена одговорност до 50.000 евра. Токму се среќаваме со проблемот ако некој води многу стечаи, дали со тоа осигурување од одговорност за штета ќе успее таа штета што би ја направил да ја надокнади. Затоа, во контекст на претходното ова истото го истакнувам.

Колегата Мавровски истакна во врска со наградувањето, без оглед што амандманот не го прифати мнозинството тука, длабоко сум уверен дека како амандман треба да постои, со тоа што наградувањето на членовите на Одборот на доверители и наградувањето на стечајниот управник. Имајќи го пред се искуството, навистина, беа врампантни сумите, кои што ги кажаа за стечајната управничка во НИП Нова Македонија, која што зеде награда од под наводници да речеме успешно завршената стечајна постапка. Многу е побитно за мене успешна реорганизација на некои претпријатија да се направи одколку што ја зеде наградата, односно и даде Правилникот, си зеде награда од 10 до 30.000 евра во денешни услови, бидејќи таков правилник имавме претходно донесен, да не влеземе во шемата и сега. Тоа е дискреционо право на министерот за економија да донесе правилник. Тука се наведени по кој основ постои награда за успешно продадено претпријатие. Сега да не ни се случи повторно такви високу проценти. Мислам стариот Правилник беше некаде до 4%од вкупната сума на продадениот капитал на претпријатието. Претпоставете, "Бучим" ако се продал 10.000.000 евра 5%, 4%, стечајниот управник во "Бучим" има земено 400.000 евра. Се поставува прашањето дали тоа е во склоп на целокупните состојби во Република Македонија. Доволно е еднаш да биде стечаен управник и цел живот ништо да не работи. Кога ќе земе 400.000 евра, или 300.000 евра. Затоа го истакнува истото. Носењето на правилникот, јас да ви кажам искрено сметав дека тоа ќе биде вметнато во самиот закон, како ќе се одвива тоа наградувањ на стечајниот упрвник. Настрана сега стечајниот управник , стечајниот судија ќе го одобри тоа итн. Ако веќе имаме таков правилник сигурно ќе го искористат. Не навлегувам во обврските што можат да се воспостават меѓи стечајниот судија, Одборот на доверители и стечајниот управник. Истото прашање мислам дека требаше да се прифати амандманот, по која основа да се наградат и членовите на Одборот на доверители Мојот амандман беше поставен во правец, членовите на Одборот на доверители да им се признаат реално направените трошоци. Тие си ги штитат интересите и како доверители од таа стечајна постапка. Која награда да им ја дадеме. Претпоставите вие да може да имате доверител во Одборот на доверители кое побарување е 2.000 евра. Имате мали доверители. Мора да се донесе правилник за да се награди тој со 10,000 евра, како член на Одборот на доверители. Тоа јас го претпоставувам . Вие предвидувате дека на членовите на Одборот на доверители им следува награда. Таа награда е субјективно право. Министерот за економија го носи тој правилник, па по тој правилник ќе бидат одредени тие проценти. Затоа бев против и затоа требаше тој амандман да се прифати. Тврдам дека истото од друг аспект треба да го набљудуваме, затоа што досега членовите на Одборот на доверители си препишуваат паушали. Ние ги одредивме паушалите на членови на управни одбори. Некои членови на управни одбори во јавна институција,треба да има на пример до 6.000 евра. Некои од членовите на Одборот за доверители, по стечајната постапка имаат паушали од 10.000 евра. Тие не се заинтересирани брзо да заврши стечајната постапка. И не случајно јас го барав тоа да се изгласа, но не се изгласа. Вие предложивте, како предложивте и може да ни се случи ова што претходно го истакнав членовите на Управниот одбор да добијат награди. Стечајниот управник да добие награда, стечајниот судија исто така. И се направени трошоци. Од целокупната маса , за жал на доверителите нема да им остане ништо и на вработените. Тоа се претпоставени состојби, реални, кои што во стварноста можат да ни се случат. Со Главата 4, апсолутно се согласувам со Предлогот за отворање на стечајна постапка, како се носи. Но по членот 53, требаше авансирање на трошоци на претходна постапка и на самата постапка. Мора да се каже износот колку треба да се плати ако се покрене стечајна постапка. Често пати можеби не се покрнува стечајна постапка од аспект на висината на износот што треба да се уплати. Некој доверител што треба да покрене стечајна постапка према некој должник, досега мислам беше максималниот износ 300.000 денари. Можеби се лажам, но мислам дека е точно, да има една граница од кога до кога. Во членот 53 истото истото треба да се потенцира. Има една норма со уплаќањето на авансирањето на таа сума се отвора таа претходна постапка за самата стечајна постапка. Тоа како решение апсолутно е прифатливо, како што е прифатлива Главата 6 за стечајната постапка и целокупните рокови кои што треба да се завршат во

целокупниот тој процес и сметам дека тие рокови што се дадени ви одговарале и треба да одговараат, во насока на забрзување на самата стечајна постапка.

Исто така во член 91 "поведување постапка пред суд", надвор од овие решенија се во правец на скратување на целокупната стечајна постапка, како решенија апсолутно ги подржуваме, бидејки досегашната пракса покажа и докажа дека нерешавањето на времетраењето на тие постапки пред суд, доведува до долгите стечајни постапки. Сега тука го имаме разрешено тоа прашање и судовите апсолутно ќе работат спрема овие закони, како што е Законот за стечај и ќе се произнесуваат за сите оспорени или неоспорени побарувања, од страна на некои доверители, се во правец наскратување на самата стечајна постапка.

Искрено да ви кажам јас го поздравувам овој процес во членовите 97, 98, 99, 100, 101 и т.н., кои се однесуваат на оутѓување или продавање на имотот на стечајното претпријатие кое веќе оди во фаза на ликвидација. Инаку, искрено да ви кажам сум поборник што е можно, а за жал во досегашната пракса не ни се случува тоа. Значи сум поборник што е можно повеќе, претпријатијата каде се отвора стечај да имаат можност да се спроведе планот за реорганизација. Сега ќе се вратам на она прашање што претходно го истакнав во делот на наградите на стечајните управници. Стечајните управници сакаат да го продадат имото за да си остварат процент од таа награда и најмалку би се залагале за тоа, дали може едно претпријатие во фаза на стечај, со одличен план да се реорганизира односно рестартира. За жал во праксата кај нас тоа го немем. Тука останува прашањето, јас наведов еден сегмент дека тоа може да биде токму интересот на тие награди што треба да ги добијат, да се продаде претпријатиeто, јас би го наградил секој стечаен управник и одбор на доверители и стечаен судија, кои би успеале во фаза на стечај, некое претпријатие да го реорганизираат со план и да го рестартираат. Но во праксата, за жал, тоа не ни се случува. Таков случај јас не познавам. Може да иманекој, но сите досегашни стечајни постапки и на големи претпријатија, за жал завршиле со стечај, ликвидација и продажба. Затоа во тој дел истакнав, што повеќе овие претпријатија кои се во стечај, да успеат да се рестартираат.

Еве да речеме глава 4 каде пишува стечајните доверители кои се рангираат од прв и втор исплатен ред. Во првиот исплатен ред тоа се стечајните доверители, тоа се вработентие. Неслучајно имав поднесено амандман, ако веќе овде ги ставаме во прв исплатен ред вработените, неслучајно барав во одборот на доверители, во тие 7 члена да има претставник од вработените, ако сакаме да ги штитиме вработените. Можеби се согласувам со констатацијата дека како доверители се јавуваат и другите претпријатија кои исто така имаат вработени, кои може да бидат жртва на едно претпријатие кое е во стечај, па и тие да бидат жртва, да отидат во стечај. Да ви кажам, имам информација дека пропаѓањето на Експорт-Импорт банката, иако тие по други основи одат во стечај, има директно влијание на пропаѓањето на Радо банка, во меѓусебните финансиски трансакции, легални нелегални и т.н. Значи и двете банки отидоа во стечај. Да не зборуваме, веројатно врз база на тие релации колку и некои други претпријатија отишле во стечај. Со пропаѓањето на Експорт-Импорт банката, многу други претпријатија го почувствувале тоа пропаѓање. Но, веќе кога се враќаме тука дека ги рангираме во прв исплатен ред вработените, по основ на плати се согласувам. Затоа со мојот амандман барав во одборот на доверители да има претставник од вработените. Но, како и да е, јас сум на став дкеа вработените треба да бидат застапени во одборот на доверителите. Се на се, може многу да се зборува, но јас верувам дека овие законски одредби, без разлика на овие забелешки што ги изнесов, имаме еден Закон за стечај. Велам, камо среќа истиот целосно да го имплементираме во праксата и треба да го имплементираме. Да не ни се случува просечното времетраење на стечајните постапки во Македонија, вие знаете, трае 4 години односно 3 години и 7 месеци. Незамисливо. Тој капитал едноставно се уништува. Едно претпријатие каде стечајот трае 9-10 години, од тоа единствена корист може да имаат само стечајните урпавници. Никој друг не може да има корист. Се уништува капиталот. Затоа во тој правец сметам дека овој закон со овие одредби кои се предвидени, посебно во правец на брзината на одвивањето на стечајните постапки, не верувам дека некаде ќе се јават соодветни опструкции, и ако не напомнав дали одлуките од седниците на одборот на доверителите, може да ги носат и во кој период и т.н.. Но, како таков мислам дека ќе биде применлив и овој проблем поефикасно ќе го решаваме, се во интерес на тие вработени, така наречени стечајни работници кои и ден денес ни се проблем и ги гледаме на улиците во нашата држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски**: Благодарам господине Арсовски.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Свесен сум за тоа дека нема да има голема фајда од мојата дискусија во општата расправа затоа што помина амандманската расрпава и ништо не може да се промени од она што јас ќе го кажам, предложам или воочам.

Уште кога беше законот во првата фаза, на Комисијата за економски односи поставив прашање зошто се носи нов закон, зошто постоечкиот Закон не се измени и не се направат некои промени. Ми беше речено, а јас тоа го и прочитав во самиот закон, дека досегашниот Закон покажал доста негативности, дека има многу забелешки од Светска банка и дека во

меѓувреме се донесени доста закони, Законот за трговски друштва, Законот за работни односи, Законот за извршување и т.н. и дека е потребен да се донесе еден комплетно нов закон.

Бидејќи јас знаев дека досегашниот Закон за стечај е една од главните причини за состојбите во државата, а тоа значи руинирана економија, тоа значи огромен број на стечајни работници, тоа значи голема сиромаштија, беда, пад на стандардот, тоа значи огромен број несреќни и сиромашни луѓе, а тие како такви се и неслободни луѓе, дека е поребно Министерството да ангажира една квалификована институција која ќе нарпави детални анализи, колкав е придонесот на овој закон во негативните последици во општеството и државата. Тогаш ние ќе видевме, иако ние сме современици и учесници во животот на оваа држава и гледаме се што се случува, ќе видевме кои се тие членови во тој закон, кои се причините за создавање на една ваква хаотична состојба во државата и државата да се доведе во ваква положба. За жал, таква една анализа која и текако беше потребна за во новиот закон да се вградат такви членови кои практично ќе ги оневозможат овие дејанија и негативни појави во државата. Ние тогаш ќе видевме колкаво е учеството на поединецот во ликвидацијата на производните капацитети. Ние тогаш ќе видевме колку и сокакви луѓе распоалгаме, како стечајни управници. Ќе видевме колкаво е учеството на судовите, на судиите, колкав е нивниот придонес и со каков квалитет располагаме. Во тој дел ќе видевме колакво е учеството на менаџерите, ќе видевме колку голема е корупцијата, криминалот, митото и колкави се последиците од сите овие дејности. Тие се мерат со милијарди и милијарди долари. Затоа, ние тие согледувања не ги вградивме во новиот закон. Затоа овој закон е продолжение на една агонија која ќе не следи и наредните години.

Претходниот дискутант зборуваше, еден дел го погоди во законот, што недостига, а тоа е дека не е целта на законот за стечај да се ликвидира фирмата, производната организација. Основната задача треба да биде да се спречи таа ликвидација, на прв план да биде задачата, организацијата да се доведе во одредена положба, порано тоа се викаше принудна управа, каде луѓето што ќе дојдат да воспостават нови процеси, да се овозможи организацијата во еден дел да се ослободи од работната сила која ја оптоварува, ако е потребно одредени техничко-технолошки решенија да се променат, ако е потребно да се направи осовременување на организацијата,ако е потребно да се подобри менаџментот и така натаму. Значи тој проблем треба на највисоко ниво во законот да се третира. Има и такви мангупски организации, фирми, формирани за да се избегне плаќање на даноци, придонеси и т.н. Нив и самите газди ги ставаат во стечај за да ги избегнат таквите плаќања и таквите организации треба да се ликвидираат.

И претходниот закон кога го носевме се зборуваше дека носиме закон кој е на ниво на европското законодавство. Еве таа работа сега и тука ја имаме. Меѓутоа, другари и другарки, ние немаме европско стопанство, ние немаме капитал, ние сеуште ја немаме завршено трансфорамцијата на стопанските организации, ние немаме обртни средства. Стопанските организации жилаво се борат да преживеат, оптоварени со многу давачки, со многу проблеми. Ние сакаме европски закон, а не е европски, а немаме европско стопанство. Некој ќе рече, па ние со законите треба да го направиме европско стопанство. Не може тоа со законите, со вакви закони. Тоа се решава со низа други промени во економската сфера и во економската област.

Морам да ве потсетам дека повеќе од 10 години кружеше една теорија и теза за мене неприфатлива и туѓа и не сакав да слушам за неа, дека во почетната форма или во почетниот облик на капитализмот е можна висока криминализација, можни се беззаконија, можно е невладеењето на правото, сива економија, недисциплина, не почитување на законит еи т.н. и дека во таа почетна фаза ќе настрадаат најголемиот број на луѓе, но, во некои подоцежни фази ќе имаме ефект. Јас мислам дека тоа беа недобро намерни искажувања од недобронамерни луѓе. Меѓутоа, праксата и времето ги потврди тие теории и таа теорија и таа теза пак, практично има проод.Некои велат дека тоа доаѓа како резултат на недоволно развиена работничка, општествена, интелектуална, политичка, свест. Меѓутоа, гледате, анкетите кои се прават и во нашата земја и пошироко, работниците, заправо граѓаните, најголемиот број точно ги идентификуваат проблемите и со право име ги нарекуваат и стечаите како еклатантен пример на "пљачка", а новосоздадените и компонованите капиталисти, како узурпатори и арамии и дека тие практично, посредно или непосредно управуваат со судбината на народот. Тоа е исто како овците да сакаат волкот да им биде пастир.

Меѓутоа, другарки и другари каде не води нас една ваква ситуација. Па, ако сакате, каде е и нашиот придонес како Парламент каде што седиме четири години, а во ни најмала мера не придонесовме да се променат состојбите. Јас мислам дека не водат во опасни води. Веќе сме сведоци на ослободување на енергијата на сиромашните луѓе. Овој Дежински сам го кажа при крајот на минатата година и дека оваа состојба на енергија на угнетените, на сиромашните луѓе го потсетува на состојбата на Француската револуција. Таа енергија може да се пробуди и да предизвика немири, а веќе сме во ситуација тоа да го гледаме во државата. Најпогодени во таа состојба се младите луѓе во кои што имаме страшно набиена негативна енергија. Според тоа ние мораме да размислуваме кога донесуваме вакви закони дали отвараме процеси на отворање на нови капацитети. Стечаи се прават и во развиените земји, читате и следите и кога треба големи капацитети да отидат таму во стечај, па владите са ангажираат да донесат најдобри менаџери да

ги спасат тие капацитети. Значи во целиот свет се води битка да се сочуваат такви производни капацитети, да се оспособат и да работат рентабилно, да се сочуваат вработените. Ама, таму и да отидат некои капацитети во стечај, ако отидат три тогаш 30 се прават нови. Ние ги тераме во стечај нашите капацитети, а не градиме нови. Тоа е трагедијата. Затоа се натрупуваат стечајни работници, невработени, затоа имаме ние младина која ни бега надвор од Македонија, која за парче леб оди таму каде што нашите дедовци оделе некогаш и тн. Ама таа младина денеска е образована и таа може да предизвика големи немири во државата, затоа што располага и со големи знаења, следи, информирана е, образована е, следи интернети и тн. и тн. Според тоа дајте да носиме нешто што ќе придонесе практично да ја спасуваме државата, а не во прв план и понатаму да ни бидат стечаи и ликвидација на стопанските организации.

Тука имаше амандмани и тоа токму од СДСМ кои одеа во правец на решавање на некои позитивни правци, ама не беа прифатени. Јас не поднесувам амандмани затоа што знам дека нема да биде усвоен ни еден. Кога е тоа од опозицијата нема да помине. Ние додека не почнеме да размислуваме по економските прашања исто како позицијата и опозицијата ние нема да имаме решение по тие прашања кои се најзначајни за нашата држава. Јас ви тврдам дека овој закон не е добар. Ние овде требаше да имаме две листи.

Една листа на ликвидатори какви што ги имаме сега. Погледајте стечајни управници кои ни се. Ајде да изземам десетина, или седум-осум, не направиле ни еден кокошарник во животот. Како можеш ти од таков човек кој со курс стекнал лиценца да биде стечаен управник да очекуваш тој да ти ја стави организацијата, да ја преуреди, да ја организира и тн. и да ја стави во производна функција. Ајде да имаме една таква листа, ама да имаме и друга листа која ќе биде од асови кои се создадоа во оваа држава за овие 50 години и кои знаат една стопанска производна организација или фирма да ја извлечат од таквите состојби. Зналци кои се.

Погледајте какви чудни работи ни се случуваат. Јас неодамна бев на едно собрание на банка во Куманово, 100 члена, 80 члена беа стечајни управници. 80. Тие не само да ликвидираат организации каде се поставени за ликвидатори, туку сега и управуваат со други институции во кои што се наствриле, кои треба исто така да ги ликвидираат.

Јас се заложив таквите организации кои се ставаат после стечај, акциите да немаат управувачко право. Меѓутоа Министерството тоа не го предложи. Стои во законот дека тие акции треба да се понудат на пазарот, ама кога. Затоа ние имаме страшни аномалии не само во претходниот закон туку и во сегашниот закон. Ако имавме ние едни подетални анализи ќе видевме случаи каде што велиме доаѓа странски капитал, се поврзуваат странски мангупи со домашни мангупи, без цена ја зимаат фирмата. Има случаи да е купена фабрика која чини 10, 15, 20 милиони евра, наеднаш на една општина за 100 до 150 илјади евра, а само од продажба на залихата на старото железо, на најквалитетниот дел од фабриката заработуваат по три до четири милиони евра заедно со менаџерскиот тим. Тука е најчесто блокирана и полицијата да дејствува. Да биде уште трагедијата поголема, ги закрпуваат и банките. Земаат кредити, па кредитите низ разни мучкања меѓу себе ги поделат и фабриката ја ставаат во стечај. За голем дел од стечаите виновни се и работниците кои исто така од политики или други причини влегуваат во штрајкови. Тие потоа гледаат дека направиле голема грешка, ама тоа станува покасно. Имаме стечајни управници криминалци, луѓе кои што продаваат фабрики чија не е сопственост. Случајот и со таа што ја затворија во Штип, во Кратово продаваше фабрика која што не беше сопственост на Астибо. И ја продаде. Најпосле некако судот откри и донесе одлука дека таа фабрика не припаѓа на таа фирма. Тие се симболични работи што ги открива и така полицијата, тоа се изгледа илјада и нешто случаи, а сега ние во законот го озаконуваме дел од криминалот, проценти, добро зборуваше колегата, јас се согласувам, некој што ќе спаси некој капацитет, кој ќе го поврати во производна кондиција, па и во оној систем, ако се сеќавате вие за ЗИК Свети Николе кој беше во тешка состојба, еден наш стручњак по име Ангел Шумански го врати во живот тој Комбинат и доби висока награда. И Тито за тоа зборуваше во земјата. Денеска ние така и во овој закон треба да оспособиме луѓе кој ќе се нафати да спаси некој капацитет кој западнал, нека земе и 4-5% ама да земе толку пари затоа што ја ликвидирал организацијата, прво ќе земе пари на еден легален начин кој што сме му го овозможиле ние со овој закон, а второ тој веќе земал огромни пари пред тоа затоа што има такви можности, а нема повратни контроли да може да ја опљачка фабриката која е во стечај или друг производствен капацитет. Затоа ние другари и другарки овде седиме, млатиме празна слама, зборуваме а градовите ни умираат. Што е град Куманово, што е Крива Паланка, ниеден капацитет не работи, што стана со Пробиштип, зборувам за околните градови. Кратово да се заблагодари само на Силекс што сеуште опстојува. Се што е надвор од Силекс се отиде во стечај. И колегата што рече за штрајкот во онаа Југоаславија во која што живеевме, траеше 40 дена и беше најдолг штрајк, а штрајкот беше за да се достигнат производните капацитети што ги имаше фабриката. Ама 40 дена, и за време на штрајкот три-четири пати се зголеми производството. Сега 1000 дена штрајкуваат луѓето и нема излез. Според тоа одговорноста е на сите нас да им пристапуваме на проблемите практично и да бараме решенија, она што непрекинато го зборувам. По овие прашања, по економските прашања да имаме консензус. Да го имавме немаше да дојдеме до оваа ситуација. Благодарам.

122-05/15.-

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Иванов.

Повелете господине Стојаноски. Има збор Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Навистина темата е многу значајна затоа што брзината на одвивањето на стечајните постапки, можноста за намирувањето на доверителите со нивните побарувања од стечајните должници, како и состојбата на имотот на должниците и неговото опаричување и сите оние проблеми кои што произлегуваат околу сите овие постапки требаше да бидат со внимание проследени од Владата на Република Македонија. Секако дека тоа пред се треба да биде во законот за стечај, за што јас не се согласувам дека тој е единствен закон кој што треба да ги третира овие прашања, затоа што Владата сака преку поднесувањето на овој Предлог на закон за стечај да остави впечаток дека со овој закон се решаваат проблемите во однос на спроведувањето на стечајната постапка, со што како што реков јас не се согласувам. Ако го земете во предвид само фактот дека 60% од недвижниот имот во Република Македонија не поседува имотен лист тоа значи дека упаричувањето на 60% од вкупниот недвижен имот во Република Македонија не е можен.

Тука би го поставил веднаш прашањето, сите овие одредби од законот кои како што гледам претечно се лоцирани во однос на овластувањата, изборот, лиценцирањето, потврдите за добивање на звање овластен стечаен управник и тн. се многу прецизно третирани, а од друга страна имаме една друга ситуација која што не зависи ниту од стечајните управници, ниту од Владата како извршен орган, туку зависи од состојбата која што ја имаме наследено во Република Маедонија во областа на катастарската евиденција и имотната состојба.

Што правиме во ваков случај?

Гледам дека имате направено некаков обид да го решите прашањето на земјоделското земјиште, затоа што тука е најлесно затоа што се работи за сопственост на Република Македонија и се променува само оној кој што е носител на правото на користење на тоа земјоделско земјиште меѓутоа што станува со недвижниот имот каде што има спор на сопственост или неутврдена сопственост. Дали вие со овој закон ќе кажете дека во рок од три месеци доколку судот не го реши спорот кој што се однесува на утврдување на титуларот на таа сопственост, судот е тој, судијата е тој на кој што треба да му биде одземена некаква лиценца, затоа што истото тоа го велите за стечајните управници.

Јас овде не се согласувам дека за систе состојби во Република Македонија во областа на стечајните постапки треба да се обвинуваат стечајните управници затоа што на нив им се врзани рацете во однос на голем дел на елементи на стечајната постапка кои треба да се реализираат. Зошто го зборувам ова?

Ова го зборувам од повеќе причини.

Прво, факт е дека најголемите стечаи во Република Македонија беа на почетокот на 90-тите години, 1992, 1993, 1994 година и 1995 година и тогаш имаше едни закони кои што важеа и кои што велеа 50% од имотот ќе биде намирен, вложен во идниот деловен потфат на друштвото со тоа што постоеше грејс период од две години со пет години рок на враќање, согласно план за реорганизација и после тоа останатиот долг од 50%, кој што можеше да биде од 30 до 50% имаше можност по пат на принудно порамнување да се ослободи стечајниот должник од обврската за плаќање на тој дел од неговите обврски со цел да продолжи неговата деловна активност. Што се случи видовме и сами.

Значи, и покрај сите тие олеснувања, можности, тогаш имаше 24 плати во кое што учествуваше Министерството за труд и социјална политика со 60%, а со 40% учествуваше самиот стечаен должник и тоа со стока која што беше предмет на негово производство, или кои ги имаше во неговите магацини и ги намируваше работниците кои беа прогласувани за технолошки вишок се до затворањето на стечајната постапка, а и при отворањето на стечајната постапка се даваа разни бенефиции со цел да се ублажи тој социјален удар кој што беше можен, бидејќи имаше масовно отпуштање од работа по основ на отворање на стечајни постапки. Значи, што ние научивме од тој период и овој период до сега.

Прво, за да може да се зборува за ефикасност за стечајната постапка не треба да се зборува само во контекст на спороста или брзината на стечајната постапка, туку на факторите кои доведуваат до спорост или забрзување на таа постапка. Тука секако постојат некои процедурални причини кои се предмет на подобрување со овој закон, меѓутоа прашање е навистина колку тие ќе помогнат реално да имаме скратување на стечајните постапки.

Понатаму, зборуваме дека стечајните управници имале многу големи овластувања, тие можеле да прават секакви работи, ама не постоела доволна контрола и отчетност, а од друга страна не прифаќаме еден битен, според мене најбитен факт. Согласно досегашниот Закон за стечај доверителите се тие кои што ја имаа водечката улога во стечајната постапка, Одборот на доверители, Собранието на доверители.

Ако покрај овие два органи постоеше, исто како што постои и сега, и стечаен судија и стечаен совет, во вакви услови лоцирањето на проблемите кои беа создавани во спроведувањето на стечајната постапка само кај стечајните управници, јас не би се согласил дека тоа може да се направи на тој начин, во тој правец ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, ние не расправаме по текстот или генерално по

законот кој што и до сега постои, туку расправаме по овој текст. Кажете ми член каде што се намалени, да кажеме, овластувањата на стечајниот управник, па врз основа на тој член кажете ги вашите импресии за претходниот закон. Не зборуваме за претходниот закон, туку имаме закон и зборувајте по текстот на законот што се предлага.

**Блаже Стојаноски:** Членот 27 зборува за одговорноста на стечајниот управник, господине претседателе и со цел да бидете информирани околу содржината на законот, јас можам да читам многу членови затоа што овој закон има околу 400 членови и ако ви е тоа интенцијата да ги читам сите членови, нема проблем.

**Љупчо Јордановски:** Не ми е тоа интенцијата. Вие можете да зборувате колку сакате, меѓутоа, придржувајте се до Деловникот и зборувајте по текстот на законот. Вие зборувате за минатиот закон.

**Блаже Стојаноски:** Зборувам за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Не, вие зборувате за актуелниот закон, каде што поради различник објективни ограничувања немало ефикасност од стечајните управници.

**Блаже Стојаноски:** А сега ќе имаат ефикасност затоа што на две години треба повторно да полагаат ...

**Љупчо Јордановски:** Па кажете го тој член од законот дека ефикасноста не се зголемува.

**Блаже Стојаноски:** Тоа е член 25, став 1 точка 5, во кој се вели вака: "Лиценцата е со времетраење од две години", а се даваат услови за друштво кое може да извршува работи на стечаен управник, каде се даваат многу строги правила и одговорности во однос на спроведувањето на стечајната постапка.

Јас би се прашал овде кој ќе биде тој кој што во Република Македонија со ваков закон ќе се нафати да биде стечаен управник. Времето ќе покаже колку ќе ги има, меѓутоа, гарантирам дека со ваков закон каков што е сега, како што се предлага, навистина многу тешко ќе биде да се најдат луѓе кои ќе бидат посветени целосно на оваа работа, затоа што се прифати и еден друг амандман само три стечајни постапки да може да води, што значи дека се зависи од некои односи кои се повеќе од стечајните управници и доверителите. Иако има и други причини за кои сакам да зборувам понатаму, меѓутоа, да почнеме со ред, од основите кои се наведени за донесувањето на овој закон и кои претставуваат цел што треба да се постигне со неговото усвојување.

Факт е дека големите овластувања на стечајните управници не беа фактор кој влијаеше врз спороста на стечајните постапки. Понатаму, можеби одоговлегувањето заради наградите кои зависеа од времетраењето и некој други критериуми кои беа утврдени исто така со правилник, меѓутоа, самото наградување не го одредуваа стечајните управници сами за себе си, туку тоа се правеше со правилник кој беше донесен од страна на надлежен орган и по тој основ се одредуваа тие награди.

Понатаму, големите трошоци на постапката - прашањето на трошоците на постапката е многу значајно прашање затоа што од тоа зависи и успешноста во поглед на процентот на намирување на побарувањата од страна на стечајниот управик...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, по втор пат ве опоменувам. Не зборуваме за причина за предлог за донесување на ваков закон. Ова што сега го читате е образложение зошто треба ваков закон да се донесе. Тоа беше во прва фаза, сега сме во втора фаза, многу амандмани поминаа, а сега зборуваме по текстот. Текстот се состои од членови на законот, па според тоа кажете кој член е лош, кој член е добар итн. Не образлагајте нешто што е поминато во прфа фаза, ве молам.

**Блаже Стојаноски:** Може ли да ми образложите што сакате да направам.

**Љупчо Јордановски:** Сакам да кажеме во член 25 се зборува за издавање лиценци за друштва и стечаен управник, министерот за економија ќе му издаде лиценца на друштвото, стечаен управник кога ќе поднесе барање и ќе ги достави следните документи, но не се согласувам со ова, заради тоа и тоа, а не вие читате образложение зошто треба да се донесе ваков закон. Тоа е прва фаза, затоа што била скапа процедурата, затоа што била ефтина процедурата, тоа беше во првата фаза. Сега дали решенијата се добри по членови, тоа да го видиме.

**Блаже Стојаноски:** Почнувам да зборувам за членот 8 од овој закон. Во жленот 8 е наведено кои се начелата на постапката. Стечајната постапка се поведува по предлог, тоа е точка 1 од овој закон, а во точката 2 се вели дека стечајната постапка е итна. Што значи итноста на ова начело и на кој начин треба да се примени во контекст на спроведувањето на дејствијата од страна на стечајните управници, во поглед на намалување на трошоците во постапката, затоа што намалувањето на времето на спроведување на стечајната постапка директно влијае врз намалувањето и на трошоците на самата постапка од повеќе причини, од ангажирањето на вработени кои треба да го штитат имотот, значи да спречат настанување на некаква штета во однос на имотот на стечајниот должник. Доколку се работи за продолжување на деловниот потфат тоа веќе значи брзо и ефикасно решавање на прашањето дали ќе се оди во тој правец при натамошниот тек на стечајната постапка, односно дали ќе се оди во правец на реорганизација на фирмата, или ќе се оди во правец на чување на имотот на стечајниот должник. А секако тука се во прашање и наградите кои ги земаат стечајниот управник, одборот на доверители, а потоа и во однос на самите рокови кои се однесуваат на закажувањето и одржувањето на собрание на

доверители и на сите други процесни дејствија кои треба да бидат спроведени во оваа постапка.

Затоа, во точката 3 од членот 8 стои дека судот може да ги донесува одлуките и без усна расправа и тоа значи дека со овој закон му е дадена силна можност на стечајниот судија да одлучува за многу прашања за стечајната постапка, многу посилно отколку она што беше негова надлежност со сегашниот закон за стечај. Главната новина се однесува на стечајниот совет, кој во оваа постапка е лоциран како второстепен орган во стечајната постапка кој што треба да одлучува во однос на приговорите против решенијата и заклучоците кои претставуваат основни акти кои се донесуваат во стечајната постапка.

Во точката 4 на членот 8 се вели дека судот може да се откаже од сослушување на должникот кога тоа е пропишано со овој закон или ако лицата овластени за застапување на должникот врз основа на законот или лицата кои имаат удел или акции кај должникот, односно самиот должник или поединец се со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство, па нивното сослушување би довело до прекумерно одоговлекување на постапката.

Оваа точка 4 не можам а да не ја земам предвид во корелација со одредбите на овој закон кој се однесуваат на одговорноста на раководните лица на должникот во поглед на поведувањето и обврските кои ги имаат во поглед на поведувањето на стечајната постапка. Имено, зборувам за членот 51 точка 8, каде што е наведено дека лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор над трговските друштва и други правни лица, значи сите правни лица кои можат да одат во стечај, ќе бидат лично солидарно и неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице должник ако не поднеле предлог за отворање стечајна постапка. А јас не знам како би можеле тие да поведат или да поднесат предлог за поведување стечајна постапка кога во овој жлен се вели дека нивното престојувалиште е непознато, се наоѓаат во странство, значи не може судот ниту да ги сослуша во поглед на постоењето на причините за отпочнување на стечајна постапка.

Затоа, сметам дека точката 8 од членот 51 не е можно да се примени и мислам дека ова што се наведува тука дека лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор, а тоа значи управниот одбор или одборот на директори, вклучувајќи ги тука и извршните директори, вклучувајќи го тука и претседателот на управниот одбор, потоа доколку се работи за двостепениот систем на управување и членовите на надзорниот орган на друштвото, како и сите оние кои што се водат како лица овластени за застапување и надзор над трговските друштва и правни лица, ќе бидат лично, значи и лично и солидарно доколку едниот извршен директор, ова го кажувам како пример, не поднел предлог за поведување стечајна постапка, тогаш и другиот солидарно ќе одговара во поглед на штетите кои се предизвикале во натамошниот период до отворањето на стечајната постапка. Прашањето е како ова ќе биде утврдувано, што значи ова, затоа што личната одговорност се однесува пред се вкупниот имот кој го поднесува членот на органот на управување или надзорниот орган на друштвото. Имотната одгорност за штети на лицата и органите, стои во истата точка 8, не ја исклучува и не влијае врз можната казнена или кривична одговорност на тие лица.

Овде ќе го поставам прашањето до претставниците на Владата што со сите оние фирми што имаат неплатено придонесе подолг временски период. Дали тоа значи дека тие придонеси ќе бидат наплатени од страна на органите на управување во рок од 21 ден од денот на настанувањето на причините за отворање на стечајна постапка, затоа што во точката 9 велите: органите на должникот овластени за негово застапување според закон се должни да поднесат предлог за отворање стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настанувањето на причините за отворање стечајна постапка. Причините се инсолвентност на должникот, 45 дена непрекинато, со тоа што доколку никој не поведе постапка односно не покаже извршен наслов пред било која банка каде што должникот има своја жиро сметка, тој рок ќе отпочне во оној момент кога ќе бидат блокирани неговите сметки доколку ги има во повеќе банки.

Оттука, моето прашање е, доколку за 21 ден сите правни лица во Република Македонија, компании, фирми, претпријатија кои немаат платено придонеси или даноци по било кој основ, доколку не ги платат тие придонеси и даноци, дали Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кој што претставува Фонд кој што е под директна ингеренција на Владата на Република Македонија, ќе поднесе предлог за стечајна постапка на сите овие фирми и истовремено со тоа да бидат подготвени органите на управување на овие фирми, можам и да ви набројам неколку ако имате време, меѓутоа, не сакам да должам заради големината на овој закон и неговата важност - дали тоа ќе значи дека тие уште од сега треба да почнат да си поднесуваат оставки со цел да не бидат подведени под членот 51 точка 8 од овој закон. Ова е многу важно прашање, затоа што на овој начин ако доследно се спроведува овој закон, ако го донесуваме овој закон јас сметам дека доследно треба да се спроведува, дали ова ќе значи целосно решавање на проблемот со должничко доверителните односи во Република Македонија. Знаеме колкави се меѓусебните побарувања меѓу правните лица меѓу компаниите во Република Македонија, знаеме колкави се побарувањата кои што ги има државата по разни основи од тие компании.

На крајот, се поставува уште едно прашање, што со јавните претпријатија односно фондовите кои исто така должат на многу субјекти, затоа што ако

важи за компанијата која треба да му плати на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а таа побарува од Фондот за здравство на пример или некој друг државен орган, од Буџетот на Република Македонија, прашањето е следното: дали на тој начин вие оставате простор државата да одговара субсидијарно за должникот и како тоа ќе се спроведе, затоа што на овој начин можете успешни фирми во Македонија, што е логично, затоа што во Република Македонија со најголем дел од инвестиционите фондови располага Буџетот, бидејќи фирмите немаат средства за инвестиции, да бидат доведени во прашање самите основи на кои се темели овој закон и целите кои треба да се постигнат. Јас не можам да разберам како може да се предлагаат вакви мерки без решавање на овие суштински прашања по мое мислење околу самото спроведување на законот за стечај. Вака како што е, прашањето на стечај ќе биде отворено прво во однос на јавните претпријатија; второ во однос на фондовите кои им должат на компаниите и трето прашање би било во однос на начинот на остварувањето на побарувањата на компаниите од Буџетот на Република Македонија. Зборувам временски, како динамика, затоа што во точката 9 од членот 51 велите дека во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворањето стечајна постапка, заедно со предлогот за отворање стечајна постапка, должникот ќе приложи - значи не само што е должен да ја поведе таа стечајна постапка, туку треба да поднесе потврда од банката, или банките по мое мислење, која го извршува платниот промет за должникот за состојба на средствата на сметката и за ненамирените побарувања кои треба да бидат исплатени од сметката и второ, извештај за имотот со доказ за сопственост. Кој е за нас доказ за сопственост и што доколку компанијата, бидејќи се работи за компанија која треба да оди во стечај, нема средства да обезбеди доказ за сопственост. Дали тоа ќе значи неисполнување на обврските кои ги има должникот согласно точката 9 на членот 51 и директна примена на точката 8 која значи кривична одговорност за органите на управување, надзорните органи, како и, како што кажав и претходно лична, солидарна и неограничена одговорност со целокупниот нивен имот. Јас мислам дека ваква волонтаристичка одредба која може да доведе до многу опасности во однос на владеењето на правото како принцип не може да се толерира во овој закон.

Потоа во точката 3 зборувате за потврда од надлежните органи за состојбата во однос на платените даноци и придонеси. Значи мора даноците и придонесите да ги плаќа даночниот должник и должникот за плаќање придонеси, меѓутоа, од друга страна во однос на наплатата на неговите побарувања од страна на државните органи и она што зборував претходно нема никаква гаранција. Тоа е во однос на точката 4 од членот 8.

Потоа во точката 5 на членот 8 се вели дека предлози, изјави и приговори не може да се даваат односно да се поднесуваат ако се пропушти рокот односно рочиштето, односно собранието на кое требало да се дадат или поднесат, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во стечајната постапка не може да се бара враќање во поранешна состојба, освен ако со овој закон не е поинаку определено. Сите овие работи зборуваат за создавање на едно чувство дека итноста на оваа постапка зависи само од брзината на спроведувањата на дејствијата и роковите, а не од оние суштински работи кои се однесуваат на она што треба да биде крајна цел на стечајната постапка.

Прво, за да може да се отвори стечајна постапка мора да има инсолвентност на должникот, што значи дека тој не може да ги остварува своите тековни обврски, односно не е способен за исплата. Тој можеби може, меѓутоа, нема од каде.

Понатаму, органите на стечајната постапка се тие кои имаат надлежности и тие надлежности согласно начелото на итност треба брзо и ефикасно да ги спроведуваат тие дејствија во текот на стечајната постапка, па затоа сметам дека овие органи на стечајната постапка се тие кои треба да носат најголема одговорност во поглед на брзината на одвивањето на стечајната постапка, а не тоа да му се дава со законски норми кои можат директно да се рефлектираат на штета на самото идвивање на стечајната постапка, затоа што јас би прашал јавно: членовите од овој закон кои се однесуваат на пријавувањето на побарувањата и на оспорувањето на побарувањето, тие велат дека судот, значи доверителот на кого му е оспорено побарувањето од страна на стечајниот управник има право во судска постапка да докаже дека оспореното побарување му е неоправдано оспорено и дека тоа е легитимно негово барање за наплата на легитимно побарување.

Од страна на стечајниот управник има право по судска постапка да докаже дека оспореното побарување му е неоправдано оспорено и дека тоа е легитимно негово барање за наплата на легитимно побарување. Колку ќе трае таа постапка и дали до спроведувањето на таа постапка може во целост да се реализираат другите дејства во однос на преносот на имотот, затоа што факт е ако се работи посебно за разлачно побарување или за побарување кое што има некакво обезбедување, а такво побарување е оспорено, тогаш навистина се поставува прашањето, независно од сопственоста или од имотниот лист кој што го поседува правното лице - должник, независно од постапката и брзината на постапката за продажба или за вперечување на тој недвижен имот, тоа не може да се случи додека не се сочека правосилноста на постапката која што треба да се води пред судот. Јас не можам да разберам како може, затоа што ако вака се постави дека тоа може да се вперечи, па потоа да се врати некако на доверителот тие средства, тоа дефинитивно значи нарушување на основните начела на кои што почива стечајната постапка. Затоа, во однос на итноста сметам дека не може

да се зборува за начин кој што зависи од одредбите кои што се наведени во овој закон и од решенијата во овој закон. Тоа се членовите од 91 до 95 и зборував по однос на тоа прашање.

Сега, она што навистина не ми е јасно, тоа е во однос на стекнувањето на уверение во однос на одредбите кои што се однесуваат на стечаен управник. Велите во овој закон дека работите на стечаен управник, членот 20 може да ги врши физичко лице кое има лиценца за вршење на должностите како и јавно трговско друштво или друштво со ограничена одговорност, основано само за вршење на работи на стечаен управник и има лиценца за вршење на работите на стечаен управник и се зачленети во комората на стечајни управници. Значи, работите на стечаен управник се вршат од страна на два субјекти. Првиот субјект е физичко лица. Вториот субјект е правно лице, кој што и едниот и другиот имаат лиценца.

Прашањето на правното лице во контекст на усвоениот амандман, дали правното лице, бидејќи тој е овластен стечаен упраник како еден субјект, тој мора да биде изедначен во однос на спроведувањето на стечајната постапка и во однос на одредбите кои што се однесуваат на стечајниот управник и на неговите овластувања, дали сметате дека со три стечајни постапки, ограничувањето кое што е веќе внесено во овој предлог закон, може да обезбеди функционирање, кое што треба да се гледа и од една друга страна. Од аспект на профитабилното работење на друштвото или тоа ќе занчи директно одење во насока да имаме само поединци кои што ќе ги вршат работите на стечајни управници, а заради тоа што нема да има можност за попрофитабилно работење, затоа што таму треба и дипломиран економист и дипломиран правник, сигурно дека има некои простории, просторни услови, кои што ќе значат поголеми трошоци за функционирање на друштвото како правно лице, стечаен управник и сигурно дека сите ќе одат на инвидуално вршење на овластувањата на стечаен управник како физичко лице.

Во членот 21 друштвото односно физичкото лице велите дека не може да стекне лиценца за вршење на работи на стечаен управник, помеѓу другото ако е или било член на орган за управување односно е управител на прано лице, вклучувајќи и правно лице што престанало, а не ги платило даноците и придонестите, кои со закон било обврзано да ги плати. Ова е, ако веќе се однесува на лиценца за вршење на работи на стечаен управник, сметам дека овие основи, не само овој основ, туку и останатите основи треба да бидат внесени во забрана во членот 20 во делот кој што зборува за тоа кој може да биде именуван за стечаен управник и во тој дел со еден член да бидат решени овие прашања околу сите оние кои што не можат да бидат стечајни управници. И, во таа смисла има контекст од лиценца преку полагање и преку сите оние делови кои што ќе значат од почеток до крај завршување на добивање на уверение и добивање и ставање на лиценца на физичко лице.

Велите дека на физичко лице ќе му се издаде лиценца доколку има доказ за најмалку пет години работно искуство во областа на трговска дејност по дипломирањето или да има најмалку 10 години континуирано работно искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето. Јас овде не знам зошто збоувате само за трговска дејност, ако мислите трговско друштво тоа е друго, затоа што трговска дејност е нешто друго од трговско друштво кое што може да се занимава и со производана дејност и со други дејности. Сметам дека на овој начин директно ќе бидат проблематизирани овие одредби во однос на спроведување во пракса како нејасни.

Во точката 5 се наведуваат условите за овластен стечаен управник и велите дека право да полага испит за стечаен управник има лицето кое има висока стручна подготовка од областа на правото, економијата и бизнис администрацијата и најмалку пет години работно искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето или да има висока стручна подготовка и најмалку 10 години континуирано работни искуство во областа на трговските дејности по дипломирањето. Истото ова што предходно го кажав, истата работа која што се однесуваше на членот 24.

Во членот 25 став 1, министерот за економија ќе му издаде лиценца на друштвото стечаен управник кое ќе поднесе барање и ќе ги достави следните документи. Еден од нив е изјава од управителот на друштвото дека овластените стечајни управници и другите вработени лица во работењето, ќе ги применуваат правилата содржани во кодексот на етиката на стечајните управници и професионални стандарди. Сметам дека ова е сосема непотребно, затоа што останатите други вработени лица, може да биде и портир и некој друг вработен кој што апсолутно нема никаква врска со етиката на стечајните управници и овде тоа може да се однесува само во однос на стечајните уравници. Меѓутоа, стечајните управници се должни, согласно овој закон да го применуваат кодексто за етиката на стечајните управници и на тој начин сметам дека и не гладам никаква причина, посебно директорот на трговското друштво, на друштвото од стечаен управник да мора да дава ваков вид на изјава.

И, овој дел кој што јас навистина не можам да разберам и не знам што е причината дали се работи за недоверба во однос на лицата, затоа што не може случајно некој да биде стечаен управник, да оди на курсеви на секои две години, да положи, да добие овластување, да добие лиценца и секои две години да има несигурност во однос на неговиот понатамошен ангажман како стечајн управник. Точката 5 вели дека лиценцата е со време траење од две години. Што после тоа? Дали ова значи поттик за стечајните управници пред време да бидат држани под некој вид контрола затоа што секои две години министерот за економија е тој кој што треба да ја обнови лиценцата и доколку не бидат под директни

ингеренции на Министерството за економија, можат да залутаат во некои води кои што се настрана од политиката која што ја води Министерството за економија. Јас не можам да разберам, но дефинитивно на овој начин се нарушува интегритетот и се доведува, се проблематизира компетентоста на стечајните управници.

Овде во овој закон како што кажав најголемо внимание се обрнало кон стечајните управници со цел да нема дилеми околу нивната позиција. Овде е утврден членот 27, каде што вели дека, стечајниот управник одговара со сиот свој имот за штетата која ќе ја причини на секој учесник на стечајната постапка и барањето за надомест на штета која што е причинета со повреда на должноста на стечајниот управник застарува, по истекот на три години од сознанието на оштетениот за штетата. Субјективен рок. Три години, тоа фактички постојано може стечајниот управник да биде под еден притисок дека некој од доверителите од стечајната постапка може да процени дека е направена штета во однос на можноста за целосно намирување на неговото побарување од стечајниот должник и врз основа на тоа, ако се работи за поголем број доверители, јас сметам дека стечајните управници ќе бидат по овој основ малтретирани навистина во добар дел. Затоа што во овој начин нема застарување, нема рок во кој што треба тоа да се направи. Од друга стана ги скратувате сите рокови кои што се однесуваат на можноста за превземање на процесни дејствија во однос на достава на повеќе лица кои што се доставува на огласна табла три дена само, значи не се доставува поединачно на сите лица. Тоа значи се однесува пред се по мое мислење на она побарување што го имаат вработените во фирмите кои што одат во стечај, а кои што имаат повеќе вработени и од тие причини се сака да се намали времетраењето на доставата, затоа што треба да се достави до секој поединечно.

Меѓутоа, тука секако дека би можело да постои еден обид за достава до секој поединечно, ако тој обид не успее во одреден временски период, да се направи оној начин што е предвиден со овој закон. Вака како што е, директно само со објава на огласната табла на фирамата должник или во судот.

Стечајниот управник во членот 29, велите дека вклучувајќи го и овластениот стечајниот управник вработен во друштвото стечаен управник, секоја втора година има обврска да го посетува курсот за стручно усовршување. Стечајните управници кои го посетувале курсот за стручно усовршување и го положиле тестот за дополнително знаење. Тест за дополнително знаење, многу интересна формулација, имаат право да ја обноват лиценцата и да го обноват својот упис во регистарот на стечајните управници кој се води во комората на стечајните управници. Кое е ова дополнително знаење кога секои две години треба да го имаат ново, стечајните управници, а го немале во моментот на полагањето на испитот за овластен стечаен управник. Јас не би можел да знам, или овде се планира евентуални измени на овој закон кој што денес го носиме, па секои две години да се следат тие измени и стечајниот управник да биде дополнително испитуван за дополнителното знаење од евентуалните измени на овој закон или пак се работи за нешто друго. Се работи за еден начин на финансирање на Комората на стечајни управници, затоа што курсот за стручно усовршување го организира Комората на стечајни управници во соработка со Министерството за економија. А, за ова сигурно ќе се плаќа. Ако се плаќа, значи секоја втора година сите овластени стечајни управници треба да платат во Комората на стечајни управници која што ќе биде овластена да го спроведува курсот за стручно усовршување.

Сега, интересна точката 2 од членот 29, вели дека стечајниот управник по став 1 на овој член кој нема и после два пати да го положи тестот за дополнително знаење, во рок од 6 месеци, по истекот на рокот од став 1 на овој член, ја губи лиценцата. Значи не успеал да положи, во рок од 6 месеци ја губи лиценцата, ако веќе не успеал да положи како може уште 6 месеци да води стечајни постапки. Ако веќе тоа е условот некој да биде стечаен управник.

Во точката 4, велите кој изгубил лиценцата согласно став 2 од овој член, или на кого му е одземена лиценцата согласно став 3 од овој член, неможе повторно да полага испит, ниту да се стекне со лиценца за овластен стечаен управник наредните 5 години од денот на приемот на решението за одземање на уверението за овластен стечаен управник. Дали после 5 години тој ќе биде со подобро знаење или ќе може полесно да ги научи новите знаење или да полага некаков испит. Јас не гледам навистина која е причината или кои се критериумите кои што довеле до тоа предлагачот на законот да го утврди рокот од 5 години после кој ќе може истиот човек да биде, условно да кажам, попаметен и ќе може многу полесно да ги положи или да ги стекне тие дополнителните знаења кои што се предвидени со овој член.

Понатаму, во членот 30, каде што се зборува за одземање на лиценца на друштвото стечаен управник во точката 4 вели, овластените стечајни упавници и другите вработени лица во работењето не ги применуваат правилата содржани во кодексот за етиката на стечајните управници и професионалните стандарди се основа за одземање на лиценцата за работа друштвото стечаен управник. Значи, истото ова што го зборував предходно, да не се повторувам да не должам многу.

Во однос на стечајниот управник, должностите и стие тие работи, обезбедувањето на трошоците, одговорноста со личниот имот итн, не сакам да зборувам бидејќи претседателот сака да збрувам член по член, а јас се надевам кога ќе кажам општо за сите оние решенија кои што се во овој закон ќе бидам и пократок и ќе ги опфатам сите овие прашања, затоа што сметам на овој начин

само се одолговлекува непотребно моето излагање и затоа сакам да спомнам нешто само уште во однос на една работа која што е можна само во овој закон, а тоа е Владата на Република Македонија да не почитува закон кој што е важечки се уште, затоа што овој не е изгласан и со тој закон имаме овластени стечајни управници кои што имаат положено испит, кои имаат платено за полагање на тој испит, кои што имаат добиено уверение за положено испит за стечаен управник и досега вршеле и спроведувале стечајни постапки. Дали вие со ова признавата дека сите досегашни стечајни управници не биле квалитетни и треба сите тие одново, односно на сите ним одново да им се одземата тие уверенија кои што ги издала Владата на Република Македонија преку Министерството за правда и на тој начин пак сето да ги сведеме на полагање одново исто како сите други кои што досега немале никаква активност во однос ниту на добивање на уверенија, ниту на полагање на ваков испит за овластен стечаен управник, ниту пак во поглед на практичната примена на законот за стечај и спроведувањето на стечајните постапки. Или на овој начин многу лесно ќе можеме, бидејќи тука има силно влијание секако Министерството за економија, да се изврши селекција од постоечките стечајни управници. Ако е ова целта, тогаш таа цел ќе биде остварена на овој начин, меѓутоа сметам дека не е коректно кон стечајните управници да им ја одземате лиценцата која што претходно веќе сте им ја дале како таква како Влада на Република Македонија. Сметам дека, доколку независно од тоа што на овој начин со донесувањето на ваков закон ќе биде покриено тоа формално правно, вие не можете да го направите тоа на штета на граѓанинот, затоа што тука имате и уставна забрана во однос на она што е поповолно пред да се прифаќа решението кое што е поповолно за граѓанинот во контекст на почитување на неговите права. А, неговото право е потврдено со уверение кое што го издала Владата на Република Македонија. Тие се главните прашања кои што ги имам, иако има уште доста да се зборува за овој закон, има многу недоследности и има работи кои што навистина не се применливи, воопшто не можат да бидат применливи во праксата. Заради тоа, сметам дека до крајот на овој претрес има уште време Министерството за економија, а тука е и заменик министерот кој е стручен за оваа област да може да поднесе амандмани со кои што ќе се подобрат одредени решенија во овој дел, иако сметам сето ова што го искажав не е случајно така напишано. Се водело сметка за повеќе интереси да бидат реализирани. Исто така се водело сметка преку ова да се покаже дека Владата на Република Македонија сака да ги забрза стечајните постапки, сака брзо да ги реши оние фирми кои што одат под стечај, да го впаричи имотот, да ја забрза таа постапка. Меѓутоа, нема да го реши прашањето кое што се однесува на сопственоста, прашањето кое што се однесува на должината на судските постапки кои што се поврзани со стечајната постапка и нема да обезбеди еднаквост на доверителите во стечајната постапка од проста причина што во овој закон ја преферира таа нееднаквост.

Јас не можам да разберам зошто оној кој дал пари на одредена фирма е втор ред на исплата во однос на оној кој требало да земе пари од таа фирма, независно по кој основ, независно дали се работи за данок, за придонес за вработување или за некој друг начин. Затоа што ако некој три месеци треба да им исплати плата и придонеси на вработените се поставува прашањето на одговорност на оној кој треба да поведе стечајна постапка во рок од 21 ден, она што го кажував. Ако е така јас ќе ве потсетам по 21 ден дали со примери сето ова е реализирано и се надевам дека Министерството за економија ќе ги согледа сите овие проблеми кои произлегуваат од ваквиот текст на законот и ќе направи соодветни измени во текстот на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски.

Јас би можел да направам еден коментар, а вие ако сакате реплика, не е битно.

Вие докажавте дека со вас сепак не можам да се расправам, бидејќи можете да ми покажете дека сте посилни од аспект на тоа да држите дискусии по членови, по зборови и тука се предавам и во иднина нема да ве прекинувам.

Но, едно ќе ви кажам, тој ваш пристап повеќе вам ви штети отколку јас ќе издржам или ние ќе издржиме два саати ваша дискусија. Еве ќе ви кажам пример. Вие рековте дека е тоа чудно и какво тоа решение ако некој не положил испит за стечаен управник има право после пет години да го полага повторно.

Господине Стојаноски по таа логика јас ви честитам, бидејќи вие ни еднаш не сте паднале на ни еден испит за време на вашите студии, бидејќи по таа логика ако сте паднале не би сте завршиле студии до сега. Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Кога завршував факултет ми дадоа Уверение за завршен Правен факултет. Сега може Владата да донесе закон во кој ќе напише дополнителни знаења доколку јас немам од областа на правото и тоа на секои две години ако не го докажувам, јас нема да можам да ги користам можностите кои ги дава тоа Уверение или таа диплома. Истото важи и за стечајниот управник за уверението кое е издадено од страна на Министерството за правда врз основа на важечки закон. Сега, со овој закон се укинува нешто што самата Влада го издала како овластување за вршење на работите на стечаен управник. Затоа не можеме тоа да го споредуваме со испит и со повторно полагање на испит. Овде е нешто што е веќе завршено, а доколку треба дополнителна едукација, тоа може да се направи на начин како што е во Законот за судии и јавни обвинители каде има обврска во одреден временски период во текот на годината да оди на доспособување или на обновување на неговите знаења со тоа што нема да престане да биде судија или јавен обвинител кој оди на

дооспособување, туку ќе добива само дополнителни знаења. Доколку има основи за разрешување, тогаш е веќе друга работа која е решена со тој дел од Законот кој се однесува на условите под кои може да се разреши судија или јавен обвинител. Истото тоа треба да се однесува и за стечајниот управник и мора во Република Македонија еднаш да завладее правна сигурност. Верувајте, ова што се прави сега, значи штета за лицата кои полагале и значи штета на државата Република Македонија каде нема конзистентност на правните прописи во однос на лицата на кои им е издадено такво уверение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, јас ја разбирам вашата вештина да не одговарате на прашања, јас поставив конкретно прашање, односно вашата констатација не држи. Јас реков ако некој не положил, тоа нешто како носечки испит, колку што знам не е забрането по десет пати да полага испит. Ако некој не положи испит за стечај има право дури по пет години, вие тоа го негирате. Преведено на студии ако вие не сте положиле испит немате право да полагате испит понатаму, бидејќи не сте способен ако веќе еднаш не сте го положиле.

Затоа велам должината на вашите говори за да покажете дека можете да издржите и два саати може понекогаш да биде контрапродуктивно.

Има реплика господинот Димитров, ако воопшто има потреба за реплика.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине претседателе.

Мојата реплика е навистина многу слична со вашата, ама мислам дека навистсина треба да се каже.

Господинот Блаже Стојаноски говореше скоро 50 минути, за разлика од претходниот говорник господинот Љубисав Иванов, не само што беше двапати подолг, туку беше и многу понеискрен.

Господинот Иванов барем кажа на почетокот дека не поднел амандмани, знае дека неговата дискусија нема ништо да промени, бидејќи амандманите поминаа, сега сме во завршна фаза на законот и дека тоа би било млатење празна слама. За разлика од него господинот Блаже Стојаноски изгледа не е свесен дека е тоа навистина млатење празна слама и трошење на парите на даночните обврзници безцелно, бидејќи не може во оваа фаза од донесување на законот, кога разговараме по текстот на законот, вие да си поставувате прашања без одговор, да поставувате дилеми што би значело ова, дали членот 51 значи дека некој ќе ја блокира фирмата, дали за неплатени придонеси ќе се блокира или нема, дали ќе одговараат органите на должникот ако не поднесе стечајна постапка, господине Стојаноски може да се поставуваат прашања во текот на првата фаза од законот, особено она што нам ни фали во фазата на разработка на комисиите и во јавните расправи по овој закон.

Сега, во оваа фаза, ќе излезе навистина ова што го кажа господинот Љубисав Иванов млатење празна слама. Јас се надевам ако не во овој мандат тогаш во идниот мандат нашите колеги пратеници да имаат што помалку вакви празни дискусии, а промена на Деловникот нема да овозможи вакви дискутирања надвор од Деловникот без ни една цел. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута за господинот Стојансоки.

**Блаже Стојаноски:** Очекував господине претседателе, да му објасните на колегата пратеник дека до завршувањето на претресот по текстот на законот Владата може да поднесува амандмани и сметам дека ни една дискусија овде не може да биде млатење празна слама или пак сите се млатење празна слама. Во досегашниот период имаше периоди кога одредени министри ни кажуваа со која боја копчиња да притискате без при тоа да дискутирате околу тие закони и затоа сметам дека девалвирањето на Парламентот како институција не почнува и не завршува со мојата дискусија, туку почнува и завршува со односот на Владата кон Парламентот на Република Македонија, а пред се со односот на пратениците од парламентарното мнозинство кои се тука да ја контролираат и корегираат работата на Владата на Република Македонија.

Затоа сметам дека во тој дел треба вие да се преиспитате со вашето однесување во овој Парламент.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, повелете господине Анастасовски.

Ве молам бидете пократки за да завршиме денеска барем нешто.

**Иван Анастасовски:** Нема да млатам празна слама, сигурно, почитуван претседателе, колеги пратеници, бидејќи јас долго говорев во прва фаза, ова што го кажа колегата Ангел Димитров, многу не можеме да придонесеме сега во оваа фаза, но добро е одредени работи сега да ги поставиме како дилеми дали понатаму некои одредби што се во законот би можеле реално да најдат своја применливост.

Во амандманската расправа слушнавме некои аргументи од колегите пратеници и одредени амандмани беа прифатени, јас забележав дека овој закон сега во моментов се наоѓа помеѓу она што значи европска директива, навистина е усогласен со сите европски директиви она што значи реална потреба во пракса од овој закон.

Од тој аспект можам да кажам по однос на моите забелешки кои беа во првата фаза Владата имаше доблест и во најголем процент ги прифати и ги вгради во текстот кој е сега пред нас, останаа уште некои работи за кои сакам овде јавно да прашам, ме интересира дали понатаму би можеле тие одредби да најдат своја применливост реална во пракса.

Би почнал со членот 20 каде се говори за стечајниот управник. Во членот 20 се кажува кој може да биде именуван за стечаен управник. Во членот 20 став 4 алинеја 1 прво кажува да располага со потребна стручност и деловно искуство. Во ставот 2 кажува да има висока

стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство во областа на трговска дејност.

Дали овде алинеја 1, ќе најде своја примена, дали е доволно добро прецизирана за да понатаму во пракса се употреби.

Исто така, во членот 22 каде се кажува кој не може да биде именуван за стечаен управник, ставот 1 алинеја 1 кажува кој не може да биде значи роднина по крв во права линија кој и да е степен и во странична линија до четврти степен колено, роднина по сватовство до втор степен или брачен другар на стечајниот судија, членовите на стечајниот Судски совет. Ако вака го применуваме законот во наредниот период јас не верувам дека некој ќе може да биде стечаен управник. Тргнувајќи од ова што е кажано овде до четврто колено, до втор степен, така што, говорам дали ова понатаму оваа аллинеја би нашла своја примена.

Да скратам, она што го зборуваа колегите, веднаш ќе одам на членот 35 каде стои контролата над работата на стечајниот управник, бидејќи е овде реално, најголемите проблеми се кај стечајниот управник. Таму се сите протести на граѓаните, таму се сите блокади по однос на стечајниот управник или по однос на стечајниот Судски совет. Токму во Куманово во овие два дена имаше одредени блокади поради тој стечаен Судски совет.

Сега во членот 35 став 2 каде се кажува за контрола се вели: стечајнит судија може во секое време да побара од стечајниот управник дополнителни информации или посебен извештај за текот на стечајната постапка и за состојбата и управувањето со стечајната маса.

Сега, терминот"може", знаете кај нас во Република Македонија терминот може секогаш го поистоветуваме со не мора, нека помине така, дали би можело тука да се интервернира дополнително да има обврска, да се има обврска, а не да може, кај нас се сфаќа ајде и не мора, не мора тоа а се направи, да се има обврска да се достави, значи да се побара од стечајниот управник дополнителни инфорамции. Тоа е како мое размислување.

Во членот 44 за награда за работата и надоместок на трошоците. За цело време она што го кажа колегата Блаже Стојаноски се направило штета на Република Македонија, меѓутоа, штетата е направена 2000-та година кога се донесоа тогашните измени кога се воведе лиценцирање и од тогаш наваму не само на Република Македонија, туку на тие граѓани им е направена голема штета од сегашните стечајни управници и затоа се протестите и блокадите, а за сето тоа знаеме. Колку е вистина, колку се шпекулира дека тие земале огромни надокнади за својата активност. Во членот 44 став 1 членовите на одборот на доверители имаат право на награда за својата работа како и надоместок за реално потребните трошоци.

Сега, терминот "реално потребните трошоци". Кој ќе определи каков е тој термин реално, колку е тоа реално и какви треба да бидат тие трошоци. Тој термин дали е соодветен да стои во членот 44 став 1.

Понатаму, навистина сакам да го искажам своето задоволство, бидејќи моето залагање во првата фаза беше во правец на намалување на сите рокови кои беа дадени по однос на текстот во првата фаза и стечајната постапка и гледам дека тоа е направено, роковите се навистина доведени во еден нормален временски теснец, а тоа ќе го поткрепам, бидејќи секогаш кога имаме читање на овој закон, јас еднаш кажав пак ќе повторам дека Куманово е градот на стечајот, до мене доаѓаат одредени дописи од одредени фирми кои реално ги имаат овие проблеми и во еден таков допис, не сакам да го именувам стечајниот управник кој води постапка во АД "Текстилпромет" од Куманово. Прво што побараа тие луѓе и што кажуваат во ставот 1 од нивната забелешка дека стечајната постапка се води на АД "Текстилпромет" од Куманово која трае подолго време и имотот се раскрчмува. Тоа е реалното што ги тишти луѓето кои се жалат на стечајните постапки и затоа гледам дека во глава 6 - отворање на стечајна постапка во ставот 6, понатаму и во членот 69 буквално сите рокови се сведени на минимум. Ова ќе го поткрепам со фактот дека понатаму реално овие луѓе ќе ги немаат проблемите за кои доставуваат дописи до нас, меѓутоа, останува до сега што и како со проблемите кои се до сега. Понатаму се гледа дека решенијата квалитетно се наведени и овие луѓе ќе ги немаат тие проблеми. Меѓутоа, останува фактот како тоа што е до сега да се промени.

Исто како и во првата фаза реков дека навистина се работи за квалитетно законско решение, се согласувам со сите директиви, меѓутоа, знаеме дека европските директиви се за европски граѓани со друга ментална матрица, нашите балкански граѓани имаат друга матрица, па верувам дека некако ќе се успее да се усогласи на терен и понатаму ќе немаме проблем со стечајните постапки. Давам целосна поддршка на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе, ќе се обидам да бидам концизен и краток бидејќи се работи за значајно законско решение и затоа сакам да го искажам своето мислење и ставот на пратеничката група која во целина ќе го подржи овој текст бидејќи сметаме дека законот е во согласност со материјата што ја регулира, а која е од есенцијално значење за развојот и функционирањето на пазарната економија во Република Македонија.

Овој закон, беше веќе кажано, е усогласен со сите европски директиви и ги следи трендовите на пазарната економија. Сигурно дека кај нас владеат некои други принципи и затоа имаше многу бојазност во некои дискусии дали ние со примената на вакви остри законски решенија кои

се во духот на пазарната економија нема да предизвикаме негативни импликации во стопанството и во нашите односи онакви какви што ги имаме. Меѓутоа, ако донесуваме закони кои ќе одговараат на нашето ниво на свест и нашето ниво на односи во стопанството, мислам дека нема да отидеме никаде и затоа мораме да ги пратиме она што претставува европско искуство ако сакаме што побрзо да излеземе од економската ситуација во која се наоѓаме.

Во секој случај ова законско решение обезбедува и брзина и ефикасност и одговорност во спроведувањето на стечајната постапка. До сега стечајот и стечајната постапка беа синоним за пљачка на економските субјекти, на имотот, за негово разграбување, за оставање голем број луѓе, работници на улица, што во суштина не треба и не смее да биде така.

Од брзото отворање на стечајната постапка се додека во моменти кога се појавува првата несолветност или првите слабости на стопанскиот субјект е од есенцијално значење за да се отворат можности со реорганизација да се спаси стопанскиот субјект. Мислам дека целта на овој закон је токму тоа да се создадат сите предуслови со реорганизација, стопанскиот субјект да се доведе во ситуација да може да продолжи со својата стопанска активност. До сега имавме ситуација во стечај се одеше тогаш кога неколку пати долговите ќе ја надминеа вредноста на капиталот и сигурно во такви услови ништо друго освен ликвидација не доаѓаше во предвид.

Членот 5 ја обезбедува брзината на отворање на таа стечајна постапка и во услови кога ќе се појави првиот знак за несолвентност на фирмите, а од друга страна во членовите од 16 до 37 каде јасно се дефинирани органите на стечајната постапка како стечаен судија, стечаен управник, одбор на доверители и собрание на доверители со сите нивни дефинирани права, обврски и одговорности и начинот на постојана едукација на стечајните управници итн., итн., и предвидувањето дека мора да одговараат со целиот имот за евентуалните штети што можат да ги нанесат на било кој од доверителите создава предуслови за одговорно однесување во рамките на стечајната постапка.

Она што за мене претставува енигма е можеби составот на одборот на доверители кој не го отсликува составот на Собранието на доверители и мислам, бидејќи Собранието на доверители може да се каже дека е највисок орган и ги носи сите одлуки кои одборот на доверители треба да ги донесува, а со гласови доминираат оние кои имаат најголеми побарувања, што е нормално, додека во одборот на доверители сите имаат ист глас и малите и поголемите доверители и сметам дека можеби при имплементацијата да не биде тоа пречка за успорување на одреден начин на стечајната постапка, но добро е што со две третини се донесува одлуката во одборот на доверители и тоа можеби ќе го амортизира несоодветниот состав на одборот на доверители во однос на собранието, бидејќи знаеме дека најзаинтересиран е тој што има најголеми побарувања и дека неговиот глас треба да биде доминантен.

Исто така, би го посочил членот 96 каде стечајниот управник изготвува извештај за економско финансиската состојба на должникот и за причините за таквата состојба и отвора веднаш простор да Собранието на доверители да се произнесе за тоа, дали ќе предложи нова организација, дали ќе предложи натамошно опстојување на економскиот субјект, или негова ликвидација. И сметам дека за тоа ќе се обезбеди во многу случаи тие економски субјекти да преживуваат, односно да се ревитализираат бидејќи доверителите се најзасегнати и најмногу се заинтересирани да ги наплатат своите побарувања. А тоа ќе го направат сигурно ако продолжи економската активност на дотичниот стопански субјект.

Она што сакам да го истакнам е фактот дека со овој закон, сигурно дека не можеме сите ситуации да ги предвидиме и дека многу големо значење ќе имаат подзаконските акти, каде што делови од Законот ќе треба да се операционализираат и да се димензионираат како ќе изгледаат во пракса. И, сметам дека тука треба да се обрне многу поголемо внимание од страна на Министерството, од страна на службите кои се задолжени за тоа. Посебно неколку пати беше. напоменато системот на наградување. Сметам дека системот на наградување не треба и не смее да биде во функција на бесконечно одолговлечување на стечајната постапка иако со роковите засега тоа не е можно со новото законско решение. Меѓутоа, не треба да биде, и не смее да стимулира ликвидација и продажба на стопанскиот субјект по секоја цена.

Тука ќе треба да се обрне многу поголемо внимание на кој начин ќе се стимулираат учесниците во стечајната постапка, навистина стечајната постапка да се одвива на брз, транспарентен и одговорен начин од една страна. Од друга страна, да не завршува по правило со ликвидација и со продажба на имотот на фирмата која е во стечај, односно повеќе да се стимулира опстојување, односно истапување на сите можности за задржување на работните места.

Се на се, можам да кажам дека имаме навистина добро законско решение кое ќе внесе ред во економските односи во Република Македонија и од тој аспект ние во целост ќе го поддржиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Дали е добро, ќе видиме туку се обидуваме да биде добро.

Бидејќи никој нема пријавено за расправа, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да гласаме по Предлогот.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Господа пратеници, денеска почнавме половина час подоцна и тоа ни стана пракса очигледно. И во 14,00 часот да почнеме во 14,30 ќе дојдете. Имавме час и половина пауза, тоа се два часа неработење. И, сега еден час пред време ќе прекинеме, тоа се три часа неработење од шест часа. Ве молам до 18,00 часот можеме сите да бидеме тука, за да после тоа, ако има активности, после 18,00 часот. Инаку нема да свикуваме седници и нема да носиме закони.

Ве молам, кои се по канцеларии, кои се овде во Парламентот нека дојдат. Мислам дека се тука и дека можеме да изгласаме, барем овој закон за стечај што го чекаат сите. Ние имаме цели пратенички групи што не се тука. Инаку, се бориме за правата нечии таму надвор.

Бидејќи очигледно не можеме да обезбедиме кворум, тука ја прекинувам седницата, дополнително ќе бидете известени. Она што можам да ви кажам дека, неделава нема да работиме, нека работат комисиите. На 16-ти има нова седница. Благодарам. На дамите им го честитам 8-ми март.

(Седницата прекина во 17,35 часот.)